# УНАПРЕДУВАЊЕ НА ИНКЛУЗИВНИТЕ ПРАКТИКИ ВО РАНОТО ДЕТСТВО

## ПРИРАЧНИК ЗА ВОСПИТУВАЧИ И СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ



**Развивање на план за поддршка и проценка на напредокот во раното учење и вклучување на семејството во подобрување на функционалните способности кај детето**

МТСП
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

373.2-056.26/.36-053.4(497.7)(035)

УНАПРЕДУВАЊЕ на инклузивните практики во раното детство : прирачник за воспитувачи и стручни соработници / [автори Симона Палчевска ... и др.]. - Скопје : Министерство за труд и социјална политика, 2017. - 48 стр. : илустр. ; 29 см

Автори: Симона Палчевска, Атинула Ничовска, Валентина Зиндл, Сања Алексовска, Надица Јанева, Билјана Анчевска. - Библиографија: стр. 47-48. - Содржи и: Анекс

ISBN 978-608-4595-91-5
1. Палчевска, Симона [автор]
а) Предучилишно воспитание и образование - Лица со посебни потреби - Инклузија - Македонија - Прирачници
COBISS.MK-ID 104718346

**Издавач:** Министерство за труд и социјална политика
**Уредник:** д-р Весна Хорватовиќ
**Стручен соработник:** д-р Габриела Дурчевска-Георгиева
**Автори:**
д-р Симона Палчевска
м-р Атинула Ничовска
м-р Валентина Зиндл
м-р Сања Алексовска
Прим. Др. Надица Јанева
Прим. Др. Билјана Анчевска
под водство на Проф. Џудит Холенвегер со поддршка на
**Канцеларијата на УНИЦЕФ – Скопје**

unicef




# СОДРЖИНА

I. ВОВЕД 1
II. КАКО УЧАТ МАЛИТЕ ДЕЦА 3
III. ЦЕЛИ НА ПРИРАЧНИКОТ 5
IV. ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ДЕЦА СО ПОТЕШКОТИИ ВО РАЗВОЈОТ И РАНОТО УЧЕЊЕ 6
V. ФУНКЦИОНАЛНА ПРОЦЕНКА И ДОКУМЕНТАЦИЈА НА РАЗВОЈНИТЕ ПОТЕШКОТИИ И ИЗРАБОТКА НА ФУНКЦИОНАЛЕН ПРОФИЛ НА ДЕТЕ СО ПОТЕШКОТИИ ВО РАЗВОЈОТ БАЗИРАНО НА МКФ-ДМ (SWOT АНАЛИЗА ) 8
- V.1 Функционална проценка 9
- V.2 Формулар за функционална проценка 12
- V.3 Функционален профил на дете 21

VI. ИЗГОТВУВАЊЕ НА ПЛАН СО „СМАРТ ЦЕЛИ“ ЗА ПОДРШКА И ПРОЦЕНКА НА НАПРЕДОКОТВО РАНОТО УЧЕЊЕ И ВКЛУЧУВАЊЕ НА СЕМЕЈСТВОТО ВО ПОДОБРУВАЊЕ НА ФУНКЦИОНАЛНИТЕ СПОСОБНОСТИ КАЈ ДЕТЕТО 23
- Извештај за тековно постигање кај детето 23
- Дефинирање на СМАРТ цели 25
- Дефинирање на стратегии за подршка 28
- Следење на напредокот 33

VII. ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ НА КОМУНИКАЦИЈА СО РОДИТЕЛИ НА ДЕЦА СО ПОТЕШКОТИИ ВО РАЗВОЈОТ И РАНОТО УЧЕЊЕ 35
VIII. АНЕКС 1 – ПРАШАЊА ЗА РОДИТЕЛИ 39
IX. АНЕКС 2 – ФОРМУЛАР ЗА ПРОЦЕНКА 40
X. АНЕКС 3 –ПРИМЕР ПЛАН ЗА ПОДРШКА И ПРОЦЕНКА НА НАПРЕДОКОТ ВО РАНОТО УЧЕЊЕ И ВКЛУЧУВАЊЕ НА СЕМЕЈСТВОТО ВО ПОДОБРУВАЊЕ НА ФУНКЦИОНАЛНИТЕ СПОСОБНОСТИ КАЈ ДЕТЕТО 44
XI. БИБЛИОГРАФИЈА 47




# I. ВОВЕД

Исто како и останатите деца, и децата со потешкотии во развојот и раното учење имаат свои јаки и слаби страни кои се уникатни за секое дете. Некои деца имаат јасно препознатливи развојни потешкотии, како на пример дете со церебрална парализа или дете со оштетување на видот, но некои деца немаат јасно видливи потешкотии и може да покажуваат одредени развојни отстапувања и промени во однесувањето кои околината ги доживува како ограничувачки фактори за нивно учеството во дневната рутина или активностите кои се спроведуваат во градинката или центарот за ран детски развој.

Оваа формулација на "развојни отстапувања" укажува дека на детето ако му се даде доволно време и можности, може да ги достигне своите врсници во развојните домени во кои покажува одредено отстапување.

Во други случаи детето може да биде во" ризик" за одредени развојни отстапувања како резултат на некои заболувања или бариери кои ги развива околината во која се развива и учи малото дете. Тоа значи дека без соодветна подршка и рана интеревенција, децата кои се во ризик, а во околината се практикуваат разни бариери, може да развијат трајни развојни оштетувања.

**Рана интеревенција во раното детство**[1] – тоа се програми кои се развиваат со цел да ги подржат децата кои се во ризик од потешкотии во развојот и раното учење. Тоа се сет на мерки кои помагаат во :

- Подобрување на функционалниот развој кај детето
- Зајакнување на компетенциите на семејството
- Промовират социјална инклузија на детето и семејството
- Вклучување на децата во редовни предучилишни установи

Без оглед на типот на развојните потешкотии со кои се соочува детето, многу е важно да се изгрди став кај секој професионалец (воспитувач) дека сите деца може да учат преку обезбедување на услови за учество во секојдневните воспитно-образовни активности во согласност со интересите и потребите на децата.

Современите педагошки пристапи кон малите деца со потешкотии во раното учење и развој бараат практики кои овозможуваат нивно целосно учество во социјалниот живот - семејството, предучилишните установи и заедницата во целост која е базирана на фактот дека предучилишните деца со развојни потешкотии и нивните семејства се значајни членови на секоја заедница. На овој начин се рефлектираат и клучните вредности на општеството кое се повеќе застанува против практиката на изолирање и одвојување на децата со потешкотии во раното учење и развој или т.н деца со посебни потреби. Со тек на време, новите законски регулативи треба да ги превенираат старите практики и да ги зајакнуват новите практиките на целосна инклузија на овие деца во предучилишните установи.

Дефиницијата за инклузија во предучилишните установи подразбира високи очекувања за развојните постигнувања кај сите деца без оглед на нивната развојна подготвеност и употреба на инклузивни Програми за рано учење и развој кои овозможуваат целосен пристап, учество и подршка. Таков документ кој го подржува раното учење и развој е *Програмата за рано учење и развој* изготвена од Биро за развој и образование донесена од Министерот за труд и социјална политика.

Секое дете не ги постигнува со исто темпо пропишаните очекувани резултати и стандарди за рано учење и развој, или пак воспитувачот воочува дека детето не постигнува успех во рамките на своите капацитети и можности. Во тој случај воспитувачот планира подршка во раниот период на предучилишното образование на детето, т.е прилагодување на пристапот и/или индивидуализација на воспитно-образовната работа. Непостигнувањето на очекуваните резултати и стандарди за рано учење може да произлезе од различни



Без оглед на типот на развојните потешкотии со кои се соочува детето, многу е важно да се изгрди став кај секој професионалец (воспитувач) дека сите деца може да учат преку обезбедување на услови за учество во секојдневните воспитно-образовни активности во согласност со интересите и потребите на децата.

[1] UNICEF/WHO A DISSCISSION PAPER: Early Childhood Development and Disability , Geneva , 2012

причини и околности: пречки во развојот и инвалидитет, недоволно познавање на јазикот на кој се комуницира, разлики во социјалниот статус на семејствата, запоставување, злоставување, појава на емоционални проблеми, долготрајни болести, потешко забележителни потешкотии во учењето и сл.
Истражувањата покажуваат дека децата со потешкотии во развојот и раното учење, најдобро учат во својата природна средина и во интреакција со останатите деца во групата. (Allen & Cowdery, 2005; Brown, Hemmeter, &Pretti-Frontczak, 2005). Оваа интеракција е значајна и за децата кои не покажуваат развојни отстапувања бидејќи учат од најрана возрсат за толеранција и прифаќање на различностите.
Овој прирачник е изготвен врз основа на современите научни концепти за тоа “како учат малите деца“, вклучувајќи ги и децата со потешкотии во развојот и раното учење и како тоа се поврзува со зајакнување на функционалните способности кај децата во:

- Социјални интеракции
- Ангажираност во воспитно-образовните активност во текот на денот
- Здобивање на поголема независност во секојдневното функционирање во својата социјална средина (семејство, градинка, заедница итн.)



*Истражувањата покажуваат дека децата со потешкотии во развојот и раното учење, најдобро учат во својата природна средина и во интреакција со останатите деца во групата.*






# II. КАКО УЧАТ МАЛИТЕ ДЕЦА

Децата мора да бидат заинтересирани и ангажирани во активностите за да ги зајакнат нивните компетенции и да совладуваат нови вештини.
Играта базирана на интересот на детето и ангажираноста во активноста ги зајакнува компетенциите кај децата и тие усвојуваат нови вештини.
Игра базирана на интересите на детето, истражувачките активности и значајно учество во активноста се нарекува ангажираност. Ангажираноста се мери со времетраењето кое детето го поминува во значајна интеракција со лица, настани и предмети. (McWilliam, R.A., 2010)
Процесот на учење во услови на висок степен на ангажираност на детето во активноста се одвива на следниот начин:

- Кога децата се заинтересирани за активноста поголема е веројатноста дека тие повеќе се ангажирани.
- Кога децата се ангажирани во секојдневни активности кои се во согласност со нивниот развој тие ги користат своите компетенции, но и стекнуваат нови вештини. Студиите покажуваат дека активностите во кои децата се многу заинтересирани резултираат со стекнување на повисоки компетенции. Лицата, настаните и предментите за кои се интересираат децата го привлекува повеќе нивното внимание, тоа ги охрабрува да се ангажираат во игрите, да истражуваат и да учествуваат во интеракции со лицата и предментите во околината. Изразување на постоечките компетенции,но и појавата на нови компетенции е под влијание на тоа како останатите ( родители, воспитувачи, врсници, бракај сестри...) реагираат на тоа кога децата ги изразуваат своите компетенции.
- Кога децата ќе ја разберат поврзаноста на нивното однесување и последиците од тоа, се зајакнува нивното чувство дека совладале одредени вештини.
- Совладувањето на вештините побудува интерес за нови вештини и го придвижува повторно циклусот на учење.

Дијаграмот подолу го илустрира циклусот на учење

**КОНТЕКСТ НА УЧЕЊЕТО: ИНТЕРЕСИТЕ НА ДЕТЕТО И КОМПЕТЕНЦИИТЕ**




Dunst, C. J., Herter, S., & Shields, H. (2000). Interest-based natural learning opportunities. Young Exceptional Children Monograph Series No. 2: Natural Environments and Inclusion, 37-48.



*Вежбањето и постојано повторување на активностите им помага на сите деца, вклучително и децата со потешкотии во развојот да совладаат функционални вештини и да преминат на следното развојно ниво.*

Врз интересот на детето влијае:

- Интензитетот на учеството во активноста;
- Нивото на **ангажираност** во активноста
- **Зачестеност и времетраење** на активноста во која децата се вклучени додека учат нови вештини
- Развој на нови компетенции и нивното чувство дека **совладале нова вештина**

Колку повеќе детето е ангажирано, толку повеќе позитивни резултати се забележуваат во неговото;

- Однесување
- Развоен процес
- Комуникација
- Решавање на проблеми
- Интеракција со другите

Истражувањата покажуваат дека децата со потешкотии во развојот и раното учење имаат тенденција помалку да се ангажираат од останатите деца.
Кај нив се случува обратен процес:тие поминуваат помалку време ангажирани, помалку ги вежбаат своите вештини, а со тоа се намалува нивната можност да совладаат нови вештини и однесувања. Една студија (Mahoney, G. 2008.) покажува дека кај малите деца со потешкотии во развојот и раното учење кои имаат заостанувањето во моторниот развој за 50%, потребно е два пати повеќе вежбање од нивните врсници за да совладаат некоја нова функционална вештина. Два пати повеќе вежбање не треба да се замени со два пати зголемена терапевтски процедура или услуга, бидејќи вежбањето може да се случи насекаде и во и во секо време.

**Совладување на функционални вештини** се јавува преку многу чести активнсти кои се случуваат во секојдневен контекст и во различени амбиент и се поврзани со секојдневните активности кои се случуваат во семејството и заедницата (Shelden, M. L., & Rush, D. D. (2001), Dunst, C. J., Bruder, M. B., Trivette, C. M., Hamby, D., Raab, M., & McLean, M. (2001).

Вежбањето и постојано повторување на активностите им помага на сите деца, вклучително и децата со потешкотии во развојот да совладаат функционални вештини и да преминат на следното развојно ниво. Внатрешната мотивација (која е водена од интересот на детето и задоволството во изведување на активноста и совладување на вештините ) ја зголемува можноста за вежбање и истражување кое води до совладување на нови функции. (Raab, M. (2005). Можностите на детето да вежба се зголемуваат кога родителите/ воспитувачите/ возрсаните избираат секојдневни активности кои се интерсни за детето или го поттикнува раното учењето во конкретни ситуации, одговраат на играта и ја подржуваат детската игра.Без адекватно вежбање за совладување на основните вештини, детето не може да се придвижи на следнато развојно ниво, а за тоа е потребно време и голема посветеност на сите оние кои учествуваат во развојот и раното учење кај децата, со што се зголемува инклузивниот капацитет на секоја заедница.



# III. ЦЕЛИ НА ПРИРАЧНИКОТ

Унапредувањето на инклузивните практики во установите за деца ( ДГ/ЦРДР) во многу зависат од разбирањата на воспитувачите дека тоа е процес кој не бара само обезбедување на место на децата со потешкотии во развојот во занималната, туку и нивно значајно учество во сите активности кои се случуваат таму, со цел целосно искористување на развојниот потенцијал за децата да покажат напредок во раното учење во зависност од нивните развојни капацитети.
Целта на овој прирачник е да го презентира целосно инклузивниот процес во установите за деца и да им помогне на воспитувачите во следните фази од инклузовниот процес:

- Идентификација на децата со потешкотии во развојот
- Обсервација и документација на развојните потешкотии и изработка на функционален профил на секое дете со потешкотии во развојот базирано на МКФ-ДМ (SWOT Анализа)
- Идентификација на приоритетните потреби за рано учење - Изготвување на СМАРТ цели за подобрување на функционалните способности на децата во социјалните интеракции, ангажирањето и независност во задоволувањето на потребите во секојдневниот живот.
- Изработка на план за подршка и проценка на напредокот во раното учење и развојот, вклучување на семејството во подобрување на функционалните способности кај детето.
- Основни принципи на комуникација со родители чии деца имаат потешкотии во развојот и раното учење.

*Целта на овој прирачник е да го презентира целосно инклузивниот процес во установите за деца и да им помогне на воспитувачите и останатите стручни работници во следните фази од инклузивниот процес.*



# IV. ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ДЕЦА СО ПОТЕШКОТИИ ВО РАЗВОЈОТ И РАНОТО УЧЕЊЕ

(индикатори на потешкотии)



Во рамките на спроведување на Програмата за рано учење и развој, воспитувачите се обврзани да *ги проценуваат постигнувањата на сите деца* во однос на достигнување на СРУР и нивно документирање во Инструментите за проценка кои се дел од развојното портфолио.
Доколку постои одредено развојно отстапување, без оглед дали е тоа идентификувано од страна на стручни лица при запишување во ДГ/ЦРДР или идентификувано од страна на самиот воспитувач во текот на рутинските и насочените активности кои се спроведуваат во групата, воспитувачот прави дополнителна функционална проценка на развојот(но само во рамките на својата стручност и компетенции) преку идентификација на развојните постигања, но и развојните потешкотии.
Малите деца меѓу себе се разликуваат по тоа како и кога совладуваат одредени вештини и знаења.
Подолу во текстот има насоки, кои отстапувања доколку се забележат и траат подолго време во развојот и во однесувањето, може да упатат на потребата од дополнителна проценка со цел да се идентификуваат нивните посебни потреби во процесот на раното учење и развој. Во текстот се користи треминологијата: Индикатори за потешкотии во развојот и раното учење кај деца од 2-3, 3-4 и над 4 годишна возраст.
Овие индикатори може да му помогнат на воспитувачот во идентификација на потешкотиите во развојот при секојдневна и рутинска опсервација на сите деца.

Во рамките на спроведување на Програмата за рано учење и развој, воспитувачите се обврзани да ги проценуваат постигнувањата на сите деца во однос на достигнување на СРУР и нивно документирање во Инструментите за проценка кои се дел од развојното портфолио.

♦ Индикатори за потешкотии во развојот и раното учење за возраст 24-36 месеци

- ☐ Често паѓа при качување по скали
- ☐ Постојано мрморење или многу нејасен говор
- ☐ Не може да изгради кула со повеќе од 4 коцки
- ☐ Потешкотии во ракувањето со ситни предмети
- ☐ Не може да копира круг до крајот на третата година
- ☐ Не може да комуницира со кратки реченици
- ☐ Не се вклучува во игри со имитурање (симболички игри)
- ☐ Не може да јаде сам/а со лажица или да пие вода од чаша
- ☐ Не може да разбере едноставни инструкции
- ☐ Малку се интерсира за другите деца
- ☐ Многу тешко се одвојува од своите најблиски /родител/старатели

♦ Индикатори за потешкотии во развојот и раното учење за возраст 36-48 месеци

- ☐ Не може да скока во место
- ☐ Не може да вози тротинет (да турка со една нога)
- ☐ Не може да ја опфати боичката помеѓу палецот и останатите прсти
- ☐ Има потешкотии кога шкрта
- ☐ Не може да копира круг
- ☐ Не може да состави 4 коцки
- ☐ Сеуште "цимоли" или плаче при одвојување од родителите
- ☐ Не покажува никаков интерес во интерактиви игри
- ☐ Ги игнорира другите деца
- ☐ Не воспоставува интеракција со други лица надвор од семејството (не одговара на други лица)
- ☐ Не се вклучива во имагинарни игри
- ☐ Одбива да се облекува, спие и да користи тоалет – прави голем отпор кај овие рутински активности
- ☐ Се удира по телото без самоконтрола кога е лут или вознемирен
- ☐ Не користи реченици со повеќе од 3 збора
- ☐ Не го користи соответно зборот " мене" или " тебе"



♦ Индикатори за потешкотии во развојот и раното учење за возрсат над 4 години

- ☐ Покажува екстремно агресивно, плашливо или срамежливо однесување
- ☐ Не може да се одвои од родителите
- ☐ Многу лесно се збунува, и не може да се концентрира на една активност повеќе од 5 минути
- ☐ Покажува многу мал или никаков интерес да игра со други деца
- ☐ Одбива да разговара и да одговара на прашања на други лица
- ☐ Многу ретко користи фантазија или имитации во игрите
- ☐ Изгледа несреќно или тажно поголем дел од денот
- ☐ Ги избегнува или стои далеку на страна од другите деца
- ☐ Не покажува никакви емоции
- ☐ Има потешкотии во јадењето, спиењето и облекувањето
- ☐ Не може да прави разлика помеѓу реалност и фантазија
- ☐ Изгледа невообичаено пасивно
- ☐ Не може да ги разбере интрукциите (Стави ја чашата на маса, Стави ја топката под кревет)
- ☐ Не може да следи двосложни инструкции (Собери ја играчката и стави ја на полицата)
- ☐ Не може да си го каже името и презимето
- ☐ При зборување не користи множина или минато време
- ☐ Не може да изгради кула од 6-8 коцки
- ☐ Го држи моливот со зграпчување со цела рака
- ☐ Има проблеми со соблекување на палто
- ☐ Не е способно да си ги исчетка забите, да ги измие и избрише рацете.



Подолу во текстот има насоки, кои отстапувања доколку се забележат и траат подолго време во развојот и во однесувањето, може да упатат на потребата од дополнителна проценка со цел да се идентификуваат нивните посебни потреби во процесот на раното учење и развој.



# V. ФУНКЦИОНАЛНА ПРОЦЕНКА И ДОКУМЕНТАЦИЈА НА РАЗВОЈНИТЕ ПОТЕШКОТИИ И ИЗРАБОТКА НА ФУНКЦИОНАЛЕН ПРОФИЛ НА СЕКОЕ ДЕТЕ СО ПОТЕШКОТИИ ВО РАЗВОЈОТ БАЗИРАНА НА МКФ-ДМ *(SWOT АНАЛИЗА)*

Воспитувачот кој идентификувал или се посомневал дека во својата група има дете со потешкотии во развојот и раното учење, или дете кое можеби не покажува развојни постигнувања како и останатите деца во групата, треба да направи дополнителна посеопфатна опсервација и функционална проценка на развојните постигнувања по поедини развојни домени. Опсервацијата и функционалната проценка не се дијагноза, туку помагаат да се документира однесувањето на детето во одредени временски периоди и во различни животни ситуации кои се случуваат во градинката.

Генерални препораки при опсервацијата на однесувањето на детето се следните:

- Обидете се да бидете што е можно пообјективни
- Докуметирајте ги сите опсервации со цел да направите подобра проценка на сите промени
- Докуметирајте го она што детето го прави или зборува и немојте да давате сопствена интерпретација на неговото однесување
- Опсервирајте една активност повеќе пати
- Бидете сигурни дека подеднакво обрнувате внимание и на слабите и на јаките стани на детето

За документирање на резултатите од проценката користете го формуларот *Прашалник за проценка на деца со потешкотии во развојот и раното учење според МКФ за деца и младинци.*

ОПСЕРВАЦИЈА

ПРОЦЕНКА



## V.1 Функционална проценка

Функционалната проценка е холистичка и се однесува на сите аспекти на развојот, и преку неа се проценуваат вештините на малите деца во реален контекст (во семејството, во градинка). Функционалната проценка не е опис како се извршуваат задачите кои не се поврзани со дневните рутини. За функционалната проценка се користат функционални техники, како опсервацијата, но и изјавите на родителите и на сите личности кои постојано учествуваат во грижата и развојот на децата, со цел напредокот на детето да се проценува холистички за да се добие поцелосна слика како функционира во различни ситуации и во различни средини со своите врсници и останатите лица во неговата околина.

**Функционалната проценка е:**

- Контекстуални информации за јаките страни на детето и неговите потреби
- Фокусирана е на едно дете
- Културолошки сензитивна

**Функционална проценка не е ...**

- Базирана на одредени подрачја и фокусирана на дисциплината на детето
- водена од дефицитот или попреченоста
- фокусирана на попреченоста

Функционалната проценка не се прави за да се одреди потреба од терапија туку да се процени функционирањето на предучилишното дете во неговата природна средина:

- Како го користи јазикот на телото и говорот за ефикасна социјализација (Позитивна социјална интеракција)
- Како партиципира во рутинските активности и активностите за рано учеење (се здобива и користи соодветно знаење и вештини)
- Како комуницира со околината за да ги искаже своите потреби (користење на соодветно однесување за задоволување на своите потреби).

**ПРОМЕНА НА ФОКУСОТ**
**ОД**
↓
**ВО**

Знае како да воспостави контакт со очите, се насмевнува и дава бакнеж
↓
Иницира интеракција со воспитувачот и соответно одговара на афекцијата на другите

Знае како да имитира гестикулации кои му се покажуваат од други лица
↓
Внимава што зборуваат или прават другите лица во околината и тоа го интегрира во својата игра

Ги користи прстите да покажува
↓
Покажува што му треба и што сака

Покажува вештини во специфични ситуации
↓
Користи вештини за да заврши некоја задача која му е важна



*За функционалната проценка се користат функционални техники, како опсервацијата, но и изјавите на родителите и на сите личности кои постојано учествуваат во грижата и развојот на децата, со цел напредокот на детето да се проценува холистички за да се добие поцелосна слика како функционира во различни ситуации и во различни средини со своите врсници и останатите лица во неговата околина.*

Ова помага во идентификација на фунционалните индивидуализирани цели и функционални излезни резултати. Овие информации му помагаат на воспитувачот да определи кои активности се најсоодветни за детето, какви материјали да се користат, кои деца да му бидат партнери во играта, како да се структурира распоредот на активноста и.т.н.

Фунционалната проценка ја зема во предвид нашата загриженост од позитивна страна:

| **Негативно** |
| --- |
| „Тој/таа не кажува што сака" |
| "Тој/таа не седи на маса за време на оброците со другите деца" |

| **Позитивно** |
| --- |
| „Јас би сакала таа да им даде до знаење на другите деца што сака" |
| „Јас би сакала да може да седи со другите деца за време на оброците" |



Овие информации му помагаат на воспитувачот да определи кои активности се најсоодветни за детето, какви материјали да се користат, кои деца да му бидат партнери во играта, како да се структурира распоредот на активноста и.т.н.

При примена на функционалната проценка потребно е да се посвети внимание на неколку клучни моменти, и тоа:

- Јасно дефинирање на целтта на проценката;
- Опсервацијата е од суштинско значење:
- - да се задржи фокусот на објективни забелешки и изјави ослободени од наши лични интерпретации за напредокот на детето;
- Водење на евиденција и документирање на однесувањата на детето се од суштинско значење (опсервирање на квалитативни и квантитативни постапки за прибирање на информации;
- Слушање на други лица кои добро го познаваат детето – вклучување на семејства!

Основни принципи на функционална проценка се:

- Функционална процена се врши преку континуирано опсервирање и собирање на информации во врска со функционирањето на детето од повеќе извори, со користење на повеќе пристапи за проценка и следење во неколку ситуации, со цел да се добие информација за ефектите од планот за поддршка, програмите и позитивните излезни резултати.
- Соответен избор на инструменти за проценување е важен дел од процесот на функционална процена и вклучуваа структурирани чек листи, протоколи за опсервација, прашалник за семејството) и неструктурирани начини (фотографии, анегдотски белешки, искази од детето, изработки, цртежи и сл) на бележење на информациите.
- Комуникација и разговор со семејството дава инфорации за она што е важно и значајно за нив и нивното дете, преку поставување на прашања што се однесуваат на секојдневните активности и постапки, како да се фокусираат на она што е во функција на поддршка за учество на детето во секојдневните животни ситуации. **(Анекс 1 - Прашања со кои можете да ги откриете интересите, загриженоста и приоритетите на семејството во секојдневните и рутински активности во домот)**

Дијаграмот илустрира како овие информации можат да бидат корисни.

## КАКО : СОБИРАЊЕ НА СООТВЕТНИ ИНФОРМАЦИИ ...




Campbell, P. [n.d.] Intervention Decision-Making Chart. Thomas Jefferson University. Retrieved September 2012 from http://jeffline.tju.edu/cfsrp/pdfs/Intervention%20Decision%20Making%20Chart.pdf.

Да почнеме од левата страна на табелата. Преку разговор со семејството добиваме информации дека периодот на капење е одлично време од денот за детето и семејството, воспитувачот може да осмисли стратегии за идентификување и создавање на амбиент за зголемување на можностите за учење во текот на тој период од денот. Приоритет на семејството е детето да употребува зборови за да може да ги изрази своите желби и потреби. Воспитувачот може да предложи стратегии за интервенција за време на капење, што во крајна линија ќе ги зголеми функционалните способности на детето за користење на зборовите во секојдневната комуникација. Рутините и активностите кои се одвиваат добро во текот на денот, во семејството обезбедуваат одлична можност за да се идентификуваат и да се подобрат можности за рано учење и да се реализираат семејните приоритети.

Десната страна на табелата не информира дека семејството има потешкотии во рутинските активности кои не се одвиваат добро, а се приоритети на кои семејствата сакаат да работат за подобрување на истите.
На пример, ако капењето на детето се одвива многу тешко бидејќи детето не може да седи во када, воспитувачот може да идентификува одредени бариери и олеснителни фактори, да определи стратегии за интервенција, за да на крајот се зголеми квалитетот на поминатото време за капење. Сето ова, резултира промовирање на развојот на функционалните способности на детето во областа на општествените односи, ангажманот и неговата независност. Со разбирање на она што е во ред, а што е предизвик, воспитувачот/тимот може да работи во рамките на овие природни секојдневни рутини, за да се зголемат функционалните способности на детето.

# V.2 Формулар за функционална проценка по МКФ.ДМ

Овој формулар (Анекс 2 празен формулар) содржи одреден број на кодови (шифри) од МКФ-ДМ[2] за деца и младинци со помош на кои се врши брза и сеопфатна функционална проценка на деца кои имаат потешкотии во раното учење и развој.
За да се објасни функционирањето на детето, МКФ за деца и младинци вклучува 3 меѓусебно поврзани компоненти кои се однесуваат на:

1. структура и функција на телото,
2. активности и партиципација како и
3. фактори на околината.

Проценката се врши по хиерархиски редослед. Во првата фаза се идентификува потешкотијата во раното учење и развој врз основа на претходна опсервација како и проценката и документирањеот во Инструментните за проценка на развојните постигнувања кај децата од соодветната возраст (на пр. подолго време не покажува напредок кај одреден стандард преку соответни индикатори во Инструментот за следење на напредокот според СРУР). Доколку се забележат одредени потешкотии, се користи овој прашалник како дополнителен документ за посеопфатна идентификација и проценка на потешкотите во раното учење и развој и се пополнува само оној дел каде постои одредено развојно отстапување.

Целта на употребата на прашалникот е:

- Докуменентирање на дополнителна проценка само кај оние деца за кои постои сомнение дека покажува одредени потешкотии во развојот и раното учење;
- Документирање на идентифукуваните потешкотии во раното учење и развој според МКФ-ДМ;
- Обезбедување на холистички опис на функционирањето на детето во секојдневните животни ситуации во установата за деца и други социјални средини во кои расте и се развива;
- Помошна алатка за изработка на SWOT анализа;
- Помошна алатка за дефинирање на SMART цели и изработка на индивидуален план за подршка и проценка на напредокот во раното учење и вклучување на семејството во подобрување на функционалните способности кај дететео.

При проценката фокусот е на следните 5 основни прашања:

1. Дали детето манифестира проблеми со функционирањето на телото?
2. Дали детето има проблем со некој орган, екстремитети или било кој дел од структурата на телото?
3. Дали детето има проблем во извршување на одредени активности и задачи?
4. Дали детето има проблем во вклучување на одредени животни ситуации кои се во согласност со возраста?
5. Дали одредени фактори во средината го лимитираат или го поттикнуваат функционирањето на детето?



За да се објасни функционирањето на детето, МКФ за деца и младинци вклучува 3 меѓусебно поврзани компоненти.



[2]Меѓународна класификација на функционирањето за деца и малдинци








Доколку се забележат одредени потешкотии, се користи овој прашалник како дополнителен документ за посеопфатна идентификација и проценка на потешкотите во раното учење и развој и се пополнува само оној дел каде постои одредено развојно отстапување.

За појасна претстава на текот на имплементирање на функционалната опсервација, во функција на изготвување на План за подршка и проценка на напредокот во раното учење и вклучување на семејството во подобрување на функционалните способности на детето (социјална-интеракција, ангажираност, независност),ќе се послужиме со следната студија на случај:

**СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ АНА , НА ВОЗРАСТ ОД ( МЕСЕЦИ, ГОДИНИ)**

**Опис на состојбата на Ана:**

- Поголемиот дел од своите први 14 месеци од животот Ана ги поминува во болнички услови поради чести напади, бројни вирусни инфекции и потешкотии во исхраната.
- Од 6 месеци се храни преку сонда се додека успешно не го надминува овој проблем на 20 месеци.
- На 23 месеци, успева да одржува стабилна, типична за нејзината возраст телесна тежина. Меѓутоа, таа е многу пребирлива во изборот на јадење и често умее да манифестира „гадење" и „гушење", особено кога пробува нова храна.
- Потешкотиите со функциите на срцето и се стабилизирани, но сепак, редовно посетува медицински прегледи и физикална терапија, поради дијагнозата церебрална парализа.

**При функционална опсервација во грдадинката се забележува дека:**

- Може да држи и пие од чаша, но често ја истура чашата кога треба да ја спушти на маса.
- Може да се храни самостојно со прсти, зема помали парчиња од сендвичот, меко варен зеленчук и овошје.
- Почнува да користи лажица, но и треба помош од возрасен и надзор, особено ако јаде потврда храна. Нејзината мајка се грижи да не ја намали телесната тежина и продолжува дома да ја храни со бебешка храна за да ги внесе потребните хранливи вредности.
- Ана учествува во облекувањето, прави значајни обиди со движење на телото, но, сеуште не може да се облекува и соблекува самостојно. Нејзините родители сметаат дека е доста упорна во намерите да го облече тоа што го наумила и секој ден сака самата да си одбере облека за во градинка.
- Рутински следи инструкции од 2-3 чекори.
- Ги знае имињата на неколку нејзини играчки, основни бои и различни објекти во околината.
- Користи 2-3 зборови во една фраза, ги изразува своите желби и интереси со зборови и гестови. Нејзиниот говор не го следи речникот што се обидува да го користи, поради недоволно развиената орална моторика и артикулација на гласови.
- Изразува бес, во просек 2-3 пати во денот, особено кога не може да го искаже тоа што го сака во игрите со своите врсници.
- Многу е мотивирана да си игра со децата и знае често да покаже иницијатива земајќи во рака некоја играчка или сликовница.
- Го предизвикува вниманието кон неа со зборовите „Гледај Ана". Често, и покрај тоа што е расположена за игра, се движи побавно од своите врсници.
- Потребна и е голема поддршка и внимание од возрасен за да го имитира тоа што го прават другите.
- Ужива да произведува звуци и да си игра со звучни играчки. Лесно се насмевнува, плаче кога е вознемирена.
- Може да седи со поддршка и да се подигнува со стомакот за да игра на подот со играчките. Сака да учествува во активностите во дворот, да се ниша на нишалките во игралиштето и да ја вози нејзината кола (специјално прилагодена од нејзините родители).
- И покрај тоа што може да седи со поддршка, често ја губи рамнотежата кога повеќе се наведнува за да ја досегне играчката.
- Ана може да ползи и да се тркала. Има количка на тркала, но троши многу време играјќи си надвор од неа.
- Кога ќе се постави во стоечка положба, таа може да се одржи, држејќи се за столче и да стои 1-2 минути самостојно.

**Информации од родителите:**

- Родителите на Ана настојуваат таа да се храни самостојно.
- Тие сакаат таа да учествува во сите активности со децата во градинка и секогаш ја прашуваат воспитувачката како можат тие да помогнат.
- Нејзината баба често се грижи за неа кога родителите се на работа.
- Најмногу Ана ужива кога баба и и чита книга или кога пеат заедно римувани песни и ритмички игри со плескање на рацете.
- Додека е со неа, баба и ја остава во количката бидејќи се плаши да не се повреди ако ја извади од количката.



## ПОГЛАВЈЕ 1: ТЕЛЕСНИ ФУНКЦИИ

Телесните функции се однесуваат на физиолошките функции на телото и како проблем може да се класифицираат во вид на отстапување , губиток или заостанување во функциите на телото.

Тие може да се квалифицираат на 3 нивоа :

1. Мало отстапување, губиток или заостанување на функцијата
2. Средно отстапување, губиток или заостанување на функцијата
3. Значајно отстапување, губиток или заостанување на функцијата

Проценката се документира во 2 фази:
**1 фаза** - се означува со ✓ само во оние полиња каде се идентификува потешкотијата во развојот и раното учење;
**2 фаза** - ако има отстапување, губиток или заостанување на функцијата може да се користи квалификатор (1-3).

**Кратка листа на Телесни функции**

**Пополнет фомулар според студијата на случај , Ана**

| МЕНТАЛНИ ФУНКЦИИ | ДА | Квалификатор 1-3 |
|---|---|---|
| b 110 Дали детето покажува проблеми во свесноста и будност | | |
| b 117 Дали детето има проблем со изведување на активности кои бараат размислување | | |
| b 134 Дали детето има проблем со заспивање и спиење | | |
| b 140 Дали детето има проблем да го задржи вниманието на нешто или некого | | |
| b 144 Дали детето има проблем да се присети на нешто или некого | | |
| b 147 Дали детето има проблем со координација на телото и движењето. | ✓ | 2 |
| b 156 Дали детето има проблем со распознавање на звуци, форми , мирис | | |
| **Сетилни функции и болка** | | |
| b 210 Дали детето има проблем со гледање на предметите и лицата околу него | | |
| b 230 Дали детето има проблем со слушање на звуци | | |
| b 280 Дали детето чувствува болка многу појако од останатите деца од негова возрсат | | |
| **Функција на глас и говор** | | |
| b 310- b 399 Дали детето има било каков проблем во продуцирање на гласови и зборување | ✓ | 2 |
| **Функции на кардиоваскулаторен , хематолошки, имунолошки и респираторен систем** | | |
| b 410 Дали детето има проблем со функцијата на срцето | | |
| b 435 Дали детето има алергија и е преосетливо на одредена храна, растение или животно | | |
| b 440 Дали детето има проблем со дишењето | | |

| МЕНТАЛНИ ФУНКЦИИ | ДА | Квалификатор 1-3 |
|---|---|---|
| **Функции на дигестивниот, метаболниот и ендокриниот систем** | | |
| b 510 Дали детето има проблем со јадење | ✓ | 1 |
| b 515 Дали детето има проблем со варење на храната | | |
| b 525 Дали детето има проблем со празнење на цревата | | |
| b 540 Дали детето има проблем земање на адекватна количина на храна | ✓ | 1 |
| **Генито-уринарени и репродуктивни функции** | | |
| b 620 Дали детето има проблеми со уринирање | | |
| **Неуро-скелетни и функции поврзани со движењето** | | |
| b 710 Дали детето има проблеми со движење на зглобовите на рацете, лактите, рамењата или колената | ✓ | 2 |
| b 730 Дали детето има проблем со мускулите на телото, рацете и нозете | ✓ | 2 |
| b 735 Дали детето има проблем со тонусот на телото, рацете и нозете | ✓ | 2 |
| b 755 дали детето има проблем со одржување на рамнотежа и контрола на телото | ✓ | 2 |
| b 760 Дали детето има проблем со контрола на движењето на рацете и нозете | ✓ | 2 |
| b 765 Дали детето има тикови, тремор или други неволњни и невообичаени движења на телото и екстремитетите | | |
| **Функции на кожата и сродни структури** | | |
| b 840 Дали детето има некои проблеми со сензации или иритиација на кожата | | |

## ПОГЛАВЈЕ 2: ТЕЛЕСНИ СТРУКТУРИ

Телесните структури се однесуваат на анатомските делови од телото како што се органите, екстремитетите и нивните составни делови. Како проблем може да се квалификуваат во вид на отстапување, губиток или недостаток на дел од телото.
Кај телесните структири квалификацијата е тројна:

1. Опсег на проблемот
2. Природа на проблемот
3. Локација на проблемот

**1. Опсегот на проблемот се квалификува од 1-3;**

1. Мало отстапување, губиток или недостаток
2. Средно отстапување, губиток или недостаток
3. Значајно отстапување, губиток или недостаток

**2. Природата на промената во структурата на телото се квалификува од 1-5;**

1. Тотално отсуство
2. Парцијално отсуство
3. Дополнителни делови
4. Изменета позиција
5. Не е специфицирано

**3. Локација на проблемот се квалификува од 1-8;**

1. Десно
2. Лево
3. Двострано
4. Напред
5. Назад
6. Во горен дел од телото
7. Во долен дел од телото
8. Не е спцифицирано



Проценката се документира во 2 фази:
**1 Фаза** - се бираат полињата кои се означуваат со ДА
**2 Фаза** - ако има отстапување, губиток или недостаток на структурата на телото, може да се користат и останатите квалификатори (од 1-3):

| КРАТКА ЛИСТА НА СТРУКТУРА НА ТЕЛОТО | 1 фаза | 2 фаза | | |
|---|---|---|---|---|
| | ДА | Опсег | Промена | Локација |
| **Структура на нервниот систем** | | | | |
| s 110 Дали има некој проблем со главата, черепот, мозокот | | | | |
| s 110 дали има некој проблем со рбетот или нервите | | | | |
| **Око, уво и сродни структури** | | | | |
| s 210-299 Дали детето има било какви пробелеми со очите или ушите | | | | |
| **Структури вклучени во гласот и говорот** | | | | |
| s 310-399 Дали детето има проблем со носот, устата, грлото или забите | | | | |
| **Структури на кардиоваскуларниот, имунолошкиот и респираторниот систем** | | | | |
| s 410 Дали детето има некој проблем со срцето или крвните садови | | | | |
| s 430 Дали детето има некој проблем со белите дробови или градите | | ` | | |
| **Структури поврзани со дигестивниот, метаболниот и ендокриниот сиситем** | | | | |
| s 510-599 Дали детето има проблем со стомакот, цревата или жлездите | | | | |
| **Структури поврзани со генито-уринарен и репродуктивен сисием** | | | | |
| s 610-699 Дали детето има проблем со бубрезите, бешиката | | | | |
| **Структури поврзани со движењето** | | | | |
| s710 Дали детето има проблем со главата или вратот | ✓ | 2 | 2 | 6 |
| s730 Дали детето има проблем со рацете и шаките | ✓ | 1 | 2 | 6 |
| s750 Дали детето има проблем со нозете и стопалата | ✓ | 3 | 2 | 7 |
| **Кожа и сродни структури** | | | | |
| S810-899 Дали детето има било какви проблеми со кожата, косата и ноктите | | | | |

# ПОГЛАВЈЕ 3: АКТИВНОСТ И УЧЕСТВО

Акциите и задачите кои ги извршува индивидуата се дефинираат како активност, а ограничување на активноста како потешкотија која ја има индивидуата во изведување на активностите.
Вклучувањето на индивидуата во секојдневните животни ситуации се дефинира како учество, а намалено учество е резултат на потешкотиите кои ги има индивидуата во вклучувањето во секјдневните животни ситуации.
Во контекст на предучилишно образование, учеството значи активно ангажирање на децата во сите активности, задачи и дневни рутини кои се типични за децата од оваа возрсат со цел на сите деца да им се даде можност да го развијат својот потенцијал без оглед дали имаат одредени развојни потешкотии или не.
Предучилишното образование е значаен дел од животот и е составено од голем број на различни животни ситуации – седење во занималната, јадење (составено од повеќе елементи: миење на раце, седење на маса, користење на прибор, правилно јадење и разговор за време на јадењето), интеракција со воспитувачите и врсниците, играње во занималната и во дворот, посета на парк итн. Со возраста кај децата расте и бројот на комплексноста на животните ситуации во кои децата учествуваат. За целосно разбирање на учеството во предучилишните активности, потребно е посебно да се обрати внимание на тоа како активностите и рутинските постапки може да се изменат за да се обезбеди целосна партиципација во дадениот амбиент. Не е доволно само да се измери нивото на учеството во однапред дефинирана активност или однапред дефинирана средина за рано учење.
Квалификаторите на активноста и партиципацијата се начин на кој детето ги спроведува активностите и партиципира со капацитет со кој се справува во учеството и активностите:

**Начинот** објаснува што индивидуата прави во секојдневниот амбиент;
**Капацитетот** објаснува како индивидуата се справува со одредени задачи или активности;
Проценката се документира во 2 фази:
**1 Фаза** – се означува со ДА/НЕ
**2 Фаза** се квалификува начинот и капацитеот

| 1 квалификатор – начинот на спроведување на активноста во секојдневен амбиент | 2 квалификатор – капацитет на спроведување на одредени задачи |
|---|---|
| **1.** 1. со мали потешкотии<br>**2.** 2.со умерени потешкотии<br>**3.** 3. целосни потешкотии | **1.** 1. со мали потешкотии<br>**2.** 2.со умерени потешкотии<br>**3.** 3. целосни потешкотии |

| Кратка листа на активности и партиципација | ДА | Квалификатор | |
|---|---|---|---|
| | | Начин | Капацитет |
| **Учење и примана на знаење** | | | |
| d120 Дали детето има проблем со осетот на допир, вкус | | | |
| d131 Дали детето има проблем со играње со разни предмети | ✓ | 2 | 2 |
| d133 Дали детето има проблем со користење на зборови, фрази и реченици | ✓ | 2 | 2 |
| d137 Дали детето има проблем со концептите како што се количина, должина, исто, различно | | | |
| d140 Дали детето има проблем со препознавање на печатени симболи | | | |
| d145 Дали детето има проблем со цртање на форми и шаблони | | | |
| d150 Дали детето има проблеми со учењето на математички концепти | | | |
| d160 Дали детето има проблем со фокусирање на вниманието подолго време | | | |
| d161 Дали детето има проблем со насочување на вниманието | | | |
| d175 Дали детето има проблем со решавање на едноставни проблемски ситуации | | | |
| **Општи задачи и барања** | | | |
| d210 дали детето има проблеми во изведување на едноставни задачи или во одговарање на едноставни наредби | | | |

| Кратка листа на активности и партиципација | ДА | Квалификатор | |
|---|---|---|---|
| | | Начин | Капацитет |
| d220Дали детето има проблем во изведување на сложени задачи и одговарање на сложени наредби | | | |
| d230 Дали детето има проблем во справување со дневните рутински активности | ✓ | 2 | 1 |
| d250 Дали детето има проблем во контрола на своето однесување | | | |
| **Комуникација** | | | |
| d310 Дали детето има проблем при разбирањето што другите говорат | | | |
| d315 Дали детето има потешкотии при разбирање на значењето на гримаси и разни слики | | | |
| d330 Дали детето има потешкотии со зборувањето | ✓ | 2 | 1 |
| d331Дали детето има потешкотии во изговарање на одредени говорни гласови | ✓ | 2 | 1 |
| d335 Дали детето има потешкотии комуниклацијата преку користењето на разни гримаси, слики, цртежи | | | |
| **Мобилност** | | | |
| d410 Дали детето има потешкотии при седнување и станување | ✓ | 2 | 3 |
| d415 Дали детето има потешкотии поради неконтролирани движењана рацете и нозете | ✓ | 2 | 2 |
| d440 Дали детето има потешкотии при користење на шаката, прстите и палецот | ✓ | 2 | 1 |
| d445Дали детето има потешкотии при користење на рацете и дланките | ✓ | 2 | 1 |
| d 450 Дали детето има потешкотии при одење | ✓ | 2 | 2 |
| **Самогрижа** | | | |
| d510 Дали детето има потешкотии при миење на раце | ✓ | 2 | 1 |
| d530 Дали детето има потешкотии при користење на тоалет | ✓ | 1 | 1 |
| d540 Дали детето има потешкотии при самостојно облекување | ✓ | 1 | 1 |
| d550 Дали детето има потешкотии при самостојно јадење | ✓ | 1 | 1 |
| d565 Дали детето има потешкотии при избегнување на опасни ситуации и грижа за својата безбедност | | | |
| **Домашен живот / живот во колектив** | | | |
| d 669 Дали детето има потешкотии да учествува во секојденвните рутински активности дома или во градинката | ✓ | 2 | 1 |
| **Меѓучовечки односи** | | | |
| d710 Дали детето има потешкотии во интеракција со врсници и возрсани | ✓ | 2 | 1 |
| **Важни области од животот** | | | |
| d815 Дали детето има потешкотии во учество во претшколски активности | ✓ | 2 | 1 |
| d816 дали детето има потешкотии во игрите со другите деца | | | |
| **Зедница, друштвен и граѓански живот** | | | |
| d910 Дали детето има потешкотии во вклучувањето на активности во градинката и активности кои се спроведуваат во заедницата ( посети, натпревари, приредби) | ✓ | 2 | 2 |

## ПОГЛАВЈЕ 4: ФАКТОРИ НА ОКОЛИНАТА

Факторите на околината ги сочинуваат физичките и социјалните карактеристики на околината, но и ставовите со кои луѓето го живеат својот живот.

Квалификаторите на околината се:

1. Фактори кои преставуваат бариера (Б) за учество
2. Фактори кои го олеснуваат (О) учеството

**Рангирање на Квалификаторот на Б и О**

**1** слаба бариера / слаб олеснувач
**2** умерена бариера /умерен олеснувач
**3** изразита бариера /изразит олеснувач
**4** целосна бариера / целосен олеснувач

| **Кратка листа на фактори на околина** | Квалификатор | |
|---|---|---|
| | Б | О |
| **Производи и технологија** | | |
| е110 Дали има детето потребна храна /лекови | | 3 |
| е115 Дали за детето се достапни средства за лична употреба | | 3 |
| е120 Дали постојат средства за транспорт на детето | | 4 |
| е130 Дали има доволно материјали за игра и рано учење | 3 | |
| е150 Дали зградата има обезбеден пристап за детето /рампа | 3 | |
| **Природна околина и промени во околината направени од човекот** | | |
| е215 Дали карактеристиките на популацијата се проблем за детето | | |
| е225 Дали климата е проблем за детето | | |
| **Подршка и врски** | | |
| е310 Дали детето има подршка во семејството | | 4 |
| е325 Дали детето има подршка од врсниците | | 4 |
| е340 Дали детето има подршка од персоналот во градинката | | 3 |
| **Ставови** | | |
| е410 дали има позитивни ставови за детето од страна на семејството | | |
| е425 дали има позитивни ставови за детето од страна на врсниците | | 4 |
| е430 дали има позитивни ставови за детето од страна на раководниот и стручниот тим | | 4 |
| е440 дали има позитивни ставови за детето од страна на воспитно-згрижувачкиот персонал | | 4 |



# V.3 Изработка на функционалниот профил на детето - SWOT анализа

Во процесот на евалуацијата на фунционалниот профил на детето по извршената документација на проценката се користи SWOT алатката за идентифукување на слаби и јаки страни на детето како и можностите и заканите при планирање на активности кои треба да го зголемат учеството на детето во животот во градинката. SWOT анализата претставува базична алатка за стратешко планирање, односно алатка за анализа и разбирање на предизвикот кој го создава детето во занималната. SWOT анализата опфаќа четири клучни елементи: **јаки страни, слаби страни, можности и закани**.

| **СЛАБИ СТРАНИ** |
|---|
| ЗАКАНИ |

| **ЈАКИ СТРАНИ** |
|---|
| МОЖНОСТИ |

**SWOT МАТРИЦА**

Основа за стратешко планирање е скенирање на внатрешните и надворешните фактори кои влијаат врз однесувањето, развојот и раното учење кај деца кои имаат потешкотии.
Внатрешните фактори се означуваат како јаки или слаби страни на детето со потешкотии во развојот и раното учење, додека надворешните се однесуваат на можностите и заканите.
**Јаките страни** се однесуваат на она што детето може и знае да го направи на одредена возраст, се одредуваат со Стандардите за рано учење и развој како што тоа го правиме за сите деца во воспитната група. Она што детето може и знае да го прави се забележува во Инструментот за проценка на развојните постигнувања.
**Слабите страни** се однесуваат на она што детето не го прави или поради што не учествува во активностите во градинката заедно со своите врсници, нашата тенденција е слабите страни да станат јаки страни. Слабите страни се идентификуваат од Формуларот за проценка според МКФ-ДМ.
**Можностите** се означуваа како надворешни фактори кои влијаат на јаките или слаби страни на детето. Тие се однесуваат на позитивни ставови на персоналот дека секое дете има свој индивидуален развоен капацитет и може да учи нови работи и да стекнува нови вештини и ставот дека секое дете треба активно да се вклучува и да учествува во групните и индивидуални активности со другите врсници.
**Заканите** се однесуваат на политиката на исклучување на децата со потешкотии во развојот и учењето од воспитната група како и негативните ставови на родителите кон децата со потешкотии во развојот и учењето и нивно учество со останатите деца. Закана може да биде и несоодветната проценка на развојните потешкотии на децата и исклучување поради потешкотии во раното учење и ниски очекувања од децата кои имаат развојни потешкотии.
Изработката на една ваква стратешка анализа со користење на SWOT алатката овозможува да се согледа состојбата од четири важни аспекти. Овие аспекти во текот на воспитното делување се важни бидејќи со неа се добива попрецизен увид и познавање на моменталната состојба на детето со потешкотии во развојот и раното учење како и познавање на факторите кои не смеат да се занемарат, фактори кои го попречуваат она што се сака да се посигне со детето. Поради тоа важно е елементите меѓусебно да се поврзуваат. Доколку заканите делуваат на јаките страни постои можност тие да го намалат својот капацитет, да останат на истото ниво и без позначителни промени или да станат слаба страна, тоа ќе значи ранливост. Зборуваме за проблем тогаш кога заканите влијаат на слабите страни кај детето, тоа допринесува до стагнирање на развојот во периодот кога на детете му е потребна најголема поддршка. Кога се намалени можностите како надворешен фактор, тие влијаат на слабите страни на детето, преставуваат пречка, односно тие спречуваат слабите страни да станат јаки страни за детето



*Основа за стратешко планирање е скенирање на внатрешните и надворешните фактори кои влијаат врз однесувањето, развојот и раното учење кај деца кои имаат потешкотии.*

со потешкотии во развојот и учењето. Доколку можностите се силно поврзано со јаките страни и тие нудат поддршка во стимулирање на развојот и ранотот учење тогаш имаме зајакнување на капацитетите на јаките страни на детето.
Анализата е само дел од етапите во инклузивниот процес, со неа ја скенираме состојбата и подготвуваме стратешки план. Кога ја правиме анализата во полињата од SWOT матрицата (во примерот подолу) ги забележуваме конкретните состојби во дадените полиња, по добиените информации од опсервирањето и пополнетиот прашалник за функционална проценка.

| **Функционален профил Ана** | |
|---|---|
| СИЛНИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
| - Ана лесно воспоставува социјални контакти, адаптирано во групата, сака да си игра со децата и често самата иницира игра. **(d729)**<br>- Нејзиниот речник е развиен, знае многу зборови. **(d310)**<br>- Прифаќа нова храна во тек на една до две недели, ако постапно се зголемува големината на парчињата и се внимава на мекоста и текстурата. **(d550)**<br>- Со интерес следи што прават другите околу неа и се обидува да се приклучи во играта. **(d816)**<br>- Може да седи самостојно, иако се случува понекогаш да изгуби рамнотежа.Таа почнува самостојно да стои со поддршка. **(b755)** | - Тешко се разбира што зборува поради лошата орална моторичка конторала и потешкотии во артикулацијата.**(d330,2 – d331,2)**<br>- Јаде многу малку видови на храна и може да се „гуши“ ако парчето е поголемо или не е доволно меко. **(b510,1-b540,1)**<br>- Често плаче кога не ја разбираат што сака да прави во претшколските активности.**(d 815,2)**<br>- Во играњето со децата најчесто и е потребна помош од возрасен.**(d710,2 )**<br>- Не може самостојно да користи лажица и да се облекува.**(d669,2)**<br>- Детето има проблем со одржување на рамнотежа и контрола на телото **(b 755,2)** |
| МОЖНОСТИ | ЗАКАНИ |
| - Ана оди редовно во градинка каде што може да научи повеќе начини како да си игра со другите деца. **(e 120,4)**<br>- Распоредот на денот во градинка и овозможува на Ана да внесува храна на секои 3-4 часа, што и неопходно за да ја одржи телесната тежина и има можности да ја проширува листата на јадења кои ги јадат и другите деца.**(e110,3 -e 115,3)**<br>- Воспитувачката користи различни форми на работа и таа може секојдневно да стекнува комуникациски вештини и да напредува во говорот,играјќи си заедно со своите врсници. **(e 325,4)**<br>- Ана се повеќе зајакнува во одржувањето на рамнотежа.Секогаш има возрасен кој и подава рака или се грижи да не биде турната од друго дете при обидите да стои исправено. **(e340,3)**<br>- Детето има подршка во семејството **(e310,4)** | - Непристапност на градинката за деца во количка. **(e150,3)**<br>- Неприлагодена програма за рано учење и развој на индивидуалните потреби и можности на секое дете. (e **440,2)**<br>- Неинформираност за соодветни страгии на поучување и игровни материјали, специјално наменети за даца со потешкотии во моториката.**(e 130,3)** |

SWOT анализата треба да обезбеди информации за потенцијалите и способностите на детето при проценката во природниот амбиент во кој престојува детето, информации кои фактори ги зајакнуваат а кој ги ослабуваат јаките страни и информации како да се минимизираат слабите страни, а во најдобар случај да станат јаки страни.



*Анализата е само дел од етапите во инклузивниот процес, со неа ја скенираме состојбата и подготвуваме стратешки план.*



# VI. ИЗГОТВУВАЊЕ НА ПЛАН СО „СМАРТ ЦЕЛИ“ ЗА ПОДРШКА И ПРОЦЕНКА НА НАПРЕДОКОТВО РАНОТО УЧЕЊЕ И ВКЛУЧУВАЊЕ НА СЕМЕЈСТВОТО ВО ПОДОБРУВАЊЕ НА ФУНКЦИОНАЛНИТЕ СПОСОБНОСТИ КАЈ ДЕТЕТО

По направената SWOT анализа се преминува во следната фаза, а тоа е изготвување на **ПЛАН СО СМАРТ ЦЕЛИ** за подобрување на функционалните способности на децата со потешкотии во развојот и раното учење во 3 основни функционални подрачја:

1. **Социјалните интеракции**
2. **Ангажирање во секојдневните ритински активности**
3. **Подобрување на независноста во задоволување на потребите во секојдневниот живот.**

Ваков план се изготвува кај оние деца кои покажуваат атипични шеми во когнитивниот развој, комуникацијата, појавата на писменоста, моторните и сензорните способности или социо-емоционалното приспособување, а кои подоцна можат негативно да влијаат на нивното самостојно учество во типични животни ситуации.
**Целта на изготвување на ПЛАН СО СМАРТ ЦЕЛИ е да ја одреди природата и интензивноста на потребната поддршка од страна на останатите деца во група како и сите оние кои се вклучени во воспитно-образовниот процес (родители, стручни работници, воспитувачи, негователи итн).** Подршката од страна на воспитувачите се однесува на интервенциите потребни во занималната како и одредување на дополнителни ресурси/поддршка кои се потребни за да се обезбеди значајно учество на детето во процесот на раното учење и развој.

Планот го изготвуваат воспитувачите, во соработка со стручните работници, негователи и семејствата на децата со оглед на тоа дека се поставуваат цели за детето и цели за семејството. Планот со СМАРТ ЦЕЛИ се состои од 4 дела:



1. **Извештај за тековните постигнувања кај детето;**
2. **Дефинирани СМАРТ цели;**
3. **Дефинирани статегии за подршка во функционирањето на детето во социјалната средина;**
4. **Постапки за следење на напредокот.**

**1 ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ТЕКОВНО ПОСТИГНУВАЊЕ КАЈ ДЕТЕТО** служи за да се проценат способностите или тековните постигнувања кај детето во средината во која ќе поминува најмногу време:

- Се листаат сите домени за кои детето има потреба од поддршка и тековно ниво на постигнување за секој домен одделно;
- Се проценуваат сите достапни информации од опсервирањето (чек-листа, анегдотски белешки и сл), од изработениот функционалниот профил како и информациите од страна на семејството како доказ дека детето има потреба од поддршка:



*Планот го изготвуваат воспитувачите, во соработка со стручните работници, негователи и семејствата на децата со оглед на тоа дека се поставуваат цели за детето и цели за семејството.*

**Аспекти на развој и рано учење - Ана**

**Социоемоционален развој**

- Сака да биде пофалена и тоа ја мотивира да земе поголемо учество во активноста
- Ужива во интеракцијата со други и многи е заинтересирана да си игра со други деца
- Плаче и е вознемирена кога не можат да ја разберат другите.
- Лесно се смирува со разговор и решавање на проблемот..
- Силно е приврзана со родителите, братот,сестрата, баба и дедо.
- Се страми од непознати лица, но тоа трае краток период.
- Задоволна е со себе кога ќе успее во нешто и знае да каже „Ана браво“

**Здравје и моторички развој**

- Седи самостојно.
- Ползи и се тркала
- Кога е поставена да стои со придржување до некој објект, стои 1-2 минути самостојно.
- Покажува напредокот во обидите да зачекори самостојно.
- Се храни со прсти, користи и лажица, ја држи чашата прилагодена за неа и пие од чаша.
- Може да држи и да протресува играчки.
- Може да врти страници од кига со подебели и тврди листови.

**Јазик, комуникација, развој на писменост**

- Може да следи вербални инструкции од др. лице.
- Ги препознава имињата на познати предмети и објекти.
- Одговара на прашања со да не.
- Се врти кога ке го слушне името.
- Употребува 2-3 збора во една фраза.
- Поставува прашања.
- Знае и повторува едноставни песни и рими.
- Изговарањето на зборовите е нејасно Мајка и често го интерпретира тоа што Ана сака да го каже.

**Когнитивен развој**

- Ја познава функцијата на играчките
- Финкционално ги користи играчките ( удира со чекан, завиткува со ќебе кукла) препознава и предвидува рутински активности.
- Ги разликува основните боите.
- Може да сортира и класифицира предмети по функционалност.

**Пристап кон учење**

- Ги користи објектите, алатките или помошта од возрасен за да го постигне тоа што го наумила.
- Со интерес следи што прават другите околу неа и се обидува да се приклучи во играта.

Извештајот за тековно постигнување кај детето служи за да се проценат способностите или тековните постигнувања кај детето во средината во која ќе поминува најмногу време



## 2 ДЕФИНИНИРАЊЕ НА СМАРТ ЦЕЛИТЕ:

Во оваа фаза од изготвување на планот се земат во предвид:

- Приоритетни потреби во раното учење
- Целите од годишните програми и очекувањата од учењето и развојот за секоја област за која е потребна поддршка
- Опис на одредниците или интервенциите на постигнувањата за секоја цел одделно.

Овој процес се потпира на три главни информации кои треба да се користат:
**1** - да се започне со **она што родителите/старателите сметаат дека за нивното дете и семејството е најважно или најзначајно да се постигне**. Посебен акцент треба да се стави на нивните желби во врска со учеството во семејството и во активности во заедницата.

- Користејќи фокусирани отворени прашања може да им помогнеме на родителите да размислуваат за тоа како тие сакаат детето да учествува во активностите и рутини кои им се значајни и кои се факторите за успешно учество на нивните деца.
- Овие приоритети треба да послужат како основа за развивање на висококвалитетни цели базирани на учество.

**2** - да се разгледа **што е она што функционира или претставува предизвик дома, во заедницата, во градинката/ЦРДР.**

- Да се забележат оние ситуации кои се мотивирачки и интересни за детето и семејството и оние кои влијаат на неговото учество во семејството и живот во заедницата.
- Да се добијат информации од родителите за тоа што детето ужива да прави и кои им се заеднички омилени активности, помага да се разјасни контекстот во кој детето учи и учествува.
- Да се добијат информации од родителите за тоа кои активности од секојдневиот живот не се одвиваат со потешкотија, и да се разбере што е она што родителите би сакале да се промени во иднина.

**3 - Кои се професионалните компетенции на воспитувачите** и она што го знаат во однос на интерпретацијата на резултатите од опсервацијата за развојните способности и потребите на детето, како и нивното влијание врз раното учење и развој.
Овие три типа на информации и нивно соответно комбинирање се од суштинско значење за развој на квалитетни цели, како и за донесување на правилни одлуки за стратегии и активности кои поефикасно ќе го промовираат раното учење и ќе овозможат усвојување на нови вештини и концепти, за да се достигнат посакуваните излезни резултати. (*Agreed upon practices for providing earlu intervention services in natural environments:* Workgroup on Principles and Practices in Natural Environments, 2008, page from 1 to 6).
Секогаш треба да се да се има во предвид дека не може истовремено да се работи на сите планови/домени. Ризичното однесување придонесува да се идентификуваат базичните потреби кои се неопходен предуслов за решавање на други потреби и потешкотии. Задоволувањето на приоритетните потреби најчесто доведуваат до позитивни промени и во другите домени.Така на пример, за дете од 6 год. кое е вербално и физички агресивно, преоритет е измена на несаканото однесување, или ако не е задоволена потребата за сигурност не може да се задоволат потребите од повисок ред, како на пример за љубов, признание, самопочитување. (A theory of Human motivation, A.H.Maslow)

Ефикасните цели треба да бидат напишани според СМАРТ принципите:
***Спецофични*** – Напишани на јасен и едноставен јазик, недвосмислени и објаснуваат што се очекува кој е инволвиран, каде ќе се случи и кои атрибути се битни;
***Мерливи*** – Може лесно да се опишат, оценат и евалвираат критериуми за мерење на напредокот и постигнувањето на целта. Да можат да дадат одговор на прашањата Колку?Како ќе знам дека сум ја постигнал целта?
***Остварливи***- Достижни, да се планира она што може реално да се постигне.Доколку целите се остварливи, почнувате да сфаќате како да ги постигнете, а со тоа да развиете потребни ставови и способности.
***Релевантни***- Цел што е значајна и корисна за детето, доаѓа во вистинско време и прилагодена е на другите релевантни цели
***Временски определени*** – Целниот датум или краен рок е дефиниран за да се осигураме дека целта е постојано следена и може да се постигне во рамките на одреден период.

Овие три типа на информации и нивно соответно комбинирање се од суштинско значење за развој на квалитетни цели, како и за донесување на правилни одлуки за стратегии и активности кои поефикасно ќе го промовираат раното учење и ќе овозможат усвојување на нови вештини и концепти, за да се достигнат посакуваните излезни резултати.

| Опсежна/нејасна цел | Можна СМАРТ цел |
|---|---|
| Сузана ќе стане подружељубива | До крајот на јуни Сузана ќе игра со другите деца за време на групните игровни активности најмалку 5 минути без да се вознемири. |
| Мартин ќе се подобри во класификација на играчки | Во рок од 4 недели Мартин ќе се подобри во класификацијата на големи и мали играчки со исполнување на најмалку 50% точни задачи. |
| Фатима ќе престане да биде непослушна | До крајот на годината Фатима ќе добие "златна ѕвезда "за добро однесување, демонстрирајќи дека може да изврши 10 минути задача без врескање или трчање околу занималната. |

**ПРИМЕР ОД СТУДИЈАТА НА СЛУЧАЈ ЗА АНА**
**Дефинирани цели во Планот за подршка и проценка на напредокот во раното учење и вклучување на семејството во подбрување на подобрување на функционалните способности на Ана:**

1. Кога Ана ќе сака да побара или да направи нешто, при покажување на играчка или учество во игра, своето барање ќе го направи со зборови, без гестикулации или други начини на изразување, со користење на зборовите правилно.Таа правилно ќе изговара 20 зборови во период од два месеца.
2. Кога ќе се почуствува вознемирена и лута, ќе побара да се одмори или да игра со омилената играчка во 30 % од случаите во период од два месеца.






**ПРИМЕРИ НА ЦЕЛИ ПО РАЗВОЈНИ АСПЕКТИ:**

**Јазик, комуникација, развој на писменост**
1. Симон ќе одговори во рок од 5 секунди од моментот кога ќе биде изговорено неговото име, од некој кој е оддалечен на само чекор од него, со погледнување, свртување на главата и краток контакт со очи ( 1-5 секунди) со личноста која го изговорила името на детето и тоа при првиот обид секој ден во _______ последователни денови, измерено од страна на______

**Здравје и моторички развој**
2. Ениса ќе ги имитира активностите од некоја игра следејќи го својот врсник, потоа ќе ја имитира играта во рок од ___ секунди, откако ќе и биде дадена можност да го направи истото. Таа ќе ја повтори активноста со најмалку ___ играчки за ______ последувателни дена, измерено од страна на__________

**Социјален развој**
3. Ивана ќе соработува со своите врсници во помали групи( ќе споделува материјали со нив, и ќе им даде можност да го кажат своето мислење) во___ % од можностите за _________ последователни денови, измерено од страна на __________

**Емоционален развој**
4. Луан ќе побара пауза кога ќе се почувствува фрустрирано, вознемирено во ______ % од можностите за__________ последователни денови, измерено од страна на_____

**Пристап кон учењето**
5. Горан ќе учествува во некоја заедничка игра со возрасен минимум _____ минути со вклучување во активноста и задржување во истата, но истовремено ќе биде и во интеракција со личноста од другата страна, без да покажува нетрпение или проблематично однесување, или обид да побегне од местото во период од _______ последователни денови, измерено од страна на_________________

**Когнитивен развој**
6. Јасмина ќе може да учествува во _____ истражувачки активности со својот врсник________ минути преку споделување, со давање на можност на другагарчето да зборува со минимална помош во првите 2/3 дена во 3 различни денови за обсервирање измерено од страна на _________



При дефинирање на СМАРТ целите треба да се запазат следните **критериуми за проценка на функционалноста на целите**:
1. **Значајни и функционални и за детето и за семејството;**
2. **Рефлектираат реални животни ситуации;**
3. **Се протегаат низ сите развојни аспекти;**
4. **Јасни се и недвосмислени;**
5. **Потенцираат она што е позитивно;**
6. **Се користат активни а не пасивни зборови.**

Следните 2 примера ги задоволуваат сите 6 критериуми за функционалност на развиените цели:

| | |
|---|---|
| 1. Никола ќе игра и ќе споделува играчки со врсниците во градинка и со неговата сестра дома<br><br>2. Тамара ќе замоли другарчињата да и ги подадат играчките користејќи зборови. | ♦ Значајни и функционални и за детето и за семејството<br>♦ Рефлектираат реални животни ситуации<br>♦ Се протегаат низ сите развојни домени<br>♦ Јасни се и недвосмислени<br>♦ Потенцираат она што е позитивно<br>♦ Се користат активно а не пасивни зборови |

*При дефинирање на СМАРТ целите треба да се запазат критериуми за проценка на функционалноста на целите.*

## 3 ДЕФИНИРАЊЕ НА СТРАТЕГИИ ЗА ПОДРШКА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ФУНКЦИОНАЛНИТЕ СПОСОБНОСТИ СО КОИ СЕ ЗГОЛЕМУВА ИНТЕРАКЦИЈАТА НА ДЕТЕТО СО ОКОЛИНАТА И СЕ ПОДОБРУВА НЕГОВОТО/НЕЈЗИТОТО ФУНКЦИОНИРАЊЕТО ВО СЕКОЈДНЕВНИТЕ ЖИВОТНИ СИТУАЦИИ

Откако целите се идентификувани и се дефинирани очекувања за учество на детето во конкретната средина, воспитувачот избира стратегии и ја прилагодува средината, ги зголемува интеракциите на детето со околината во зависност од идентификуваните потреби. Воспитувачите употребуваат разни постапки за да го зголемат ангажирањето и вклученоста на детето како активен субјект во програмата. Воспитувачите во текот на својата работа донесуваат одлука за тоа:

- Како ќе ја уредат околината во која престојуваат децата,
- Кои материјали да ги постават на полиците/центрите за рано учење и развој,
- Кои искуства во процесот на раното учење ќе им ги понудат на децата врз основа на нивното познавање на секое дете посебно и групата како целина, со цел да обезбедат континуиран развој и позитивни излезни резултати кај секое дете.

Факторите кои овозможуваат значајно учество во процесот на учење треба да бидат добро осмислени при донесувањето одлука за природата и интензитетот на понудената поддршка. Овие фактори вклучуваат:

- Способност на детето за учество во различни домени/аспекти од програмата;
- Соодветност на дидактичкиот и игровниот материјал;
- Степен на прилагодување на програмата за рано учење и развој;
- Потребни помагала;
- Потребна дополнителна поддршка од страна на воспитувачот;
- Средина која поттикнува и мотивиора на учество;
- Капацитет на семејството, аспирации и мотивација.

Активностите и материјалите што се користат во градинките/ЦРДР се така дизајнирани да ги задоволат потребите на голем број деца, со или без потешкотии. Кога тие не ги задоволуват специфичните потреби на детето, може да се прилагодат или прошират, за да се приспособат на неговите/нејзините индивидуални потреби. Целта на употребата на дидактичките средства и материјали за игра и учење е да им помогне на децата во полесно справување со интелектуални, физички, или социо-емоционалните предизвици. Тие им овозможуваат на децата тековно да ги користат своите вештини, а обезбедуваат основа за стекнување на нови вештини. Родителите можат да бидат вклучени во овој процес и да го следат прогресот на нивните деца преку секојдневните интеракции со детето кои преставуваат можности за стекнување на интерпесонални вештини и го стимулираат концептуалниот и јазичен развој како на пр:

- ☐ заедничко читање на книга,
- ☐ разговори за тековните и минатите настани,
- ☐ прошетките во зоолошка градина, на пазар, во библиотека, игралиште.

Важно е да се обезбедат активности со кои ќе се развиваат перцептивни способности, координација, фини и крупни моторни вештини, како на пр:

- употребата на ножици, восочни креди, боење со прсти, монистра, топки, и сл.
- говорни игри, цртање, раскажување приказни, бројалки, брзозборки и сл.

Кога детето не може да учествува во некоја активност, треба да бидат направени некакви промени. За да ги задоволат специфичните потреби на детето, можеби ќе треба да користат наизменични стратегии. На пример:

- **Форми на работа -** За која било дадена активност има голем број на форми на организација на децата, од кои можете да изберете: фронтална работа (работа во големи или мали групи),, работа во парови, еден-на-еден возрасен/дете, и/или индивидуални и индивидуализирани задачи.
- **Методите на поучување-**пожелно е почесто да се менуваат во текот на денот за да се задоволат потребите на детето со вклучување на повеќе можности за дискусии во група, игри, играње на улоги, манипулативни активности на маса или под со седење, подвижни активности, искуствено учење, демонстрации и сл.
- **Стратегии за учење и поучување** - Промените во стратегиите може да влијае на способноста на детето да учествуваат во активностите. Примерите вклучуваат:
  - поедноставување на насоките,
  - додавање на визуелни информации,
  - употребата на конкретни материјали/примери,
  - секвенционирање на задачите со цел овозможување учење од лесно кон потешко,
  - повторување и давање повеќе можности да се практикуваат вештините,
  - промени во распоредот со усвојување според можностите,
  - обликување на одговорите, вербална инструкциите и / или директна физичка помош.
- **Воспитно-образовните цели и очекуваните резултати од учењето** – Треба да одговараат на потребите на детето во контекст на една иста активност која е предвидена за целата група, со поединечни цели за учење. Ова често може да се постигне со користење на истите активности и материјали. Така на пример, ако со децата се работи на концептот на класификација и сортирање на коцки, дете со попреченост може да учествува во истата активност, но се фокусира на посегнување, на фаќање и пуштање на коцките, и ослободување на потенцијалите или читање кратки приказни за да се одржи вниманието до крајот на приказната.
- **Адаптации на метод за одговарање** - Понекогаш децата може да го разбираат концептот но треба адаптација во начинот на кој тие го демонстрираат знаењето. Употреба на аугментативна комуникациски системи, очи во очи или вкочанет поглед, или демонстрации може подобро да им овозможи на детето да ги презентира своите вештини. (Така на пример: Читање на приказна со користење соответни дидактички средства и материјали, овозможува активно учество на децата);



*Воспитувачот избира стратегии и ја прилагодува средината, ги зголемува интеракциите на детето со околината во зависност од идентификуваните потреби.*





*Воспитувачите употребуваат разни постапки за да го зголемат ангажирањето и вклученоста на детето како активен субјект во програмата.*

* **Услови во амбиентот -** уредување на животната средина е важен аспект на секоја просторија во раното детство. Промени во осветлување, ниво на бучава, визуелни и аудитивни дразби, физички аранжман на собата или опрема, како и достапноста на материјали се важни фактори. (така на пример, поставување на мебелот такашто се овозможува движење со помагала, обезбедување на поддршка за седење на столица или на под, отстранување на оние материјали што би биле небезбедни за детето додека престојува во групата и сл.)

* **Адаптација на играчките и дидактичките средства и материјали -** Понекогаш е потребно физички да се прилагодат материјалите, за да се олесни учеството на детето. Материјали можат да бидат физички адаптирани преку зголемување на: стабилноста, леснотијата на ракување (додавање рачки, материјалите да се направат со поголема димензија), пристапноста (дополнување со рачка/шина за да може полесно да се држи во рака, со приложување на ластик или јаже за материјалите, така тие лесно може да се преместуваат од едно на друго место), визуелни јасност или посебност (додавање контраст или специјализирани осветлување), или големина и т.н. сложувалка со копчиња, така што детето може да ја заврши сложувалката независно;

* **Ниво на лична помош -** потребата на детето за помош може да се движи од периодични проверки на лице место до постојан надзор. Помошта може да варира од ден на ден и се обезбедува од страна на возрасни лица или врсници.Со тенденција што е можно повеќе да се охрабрува на самостојност. (на пример, зголемете го времето за оброк така што на дете кое му е потребно повеќе време за самостојно да се храни да има доволно време да заврши со оброкот); Додадете околу моливот пластелин или тесто за да може самостојно да го држи во ликовниот центар, користете асистивна технологија за да му овозможете на дете со моторички потешкотии самостојно да ја активира играчката.

* **Алтернативна активност -** Ова програмска адаптација треба да се користи како последен избор, кога горенаведените услови не може да се искористат за да се задоволат потребите на детето. Обезбедување на помош е најстарата форма на адаптација, бидејќи вклучува уште едно дете или возрасен кој всушност му помага на детето во активноста или рутината, а не дозволува тоа да го направи независно. Секогаш обидувајте се да обезбедите помош од врсник или поголемо дете, пред да обезбедите помош од возрасни. Обезбедување на помош е потребно само кога другите адаптации не успеале, и е последно средство.

Во текот на секојдневните активности и можности за рано учење во домот или градинката, најдобро е да ги имаат следниве карактеристики:

1. Користење на активности кои детето ги преферира и овозможување да направи избор за време на интеракцијата со децата или возрасните.
2. Одржување на интересот со различни задачи на учење.
3. Комбинирање на задачи кои веќе ги владее со новите задачи за да помогне во одржување на чувството на способност, остварување, и подготвеност да продолжи да ја вршат задачата.
4. Демонстрација или моделирање на посакуваното однесување.
5. Користење на логички поврзани награди-пофалби за да се зајакне ефикасноста на детето и неговата ангажираност.
6. Наградување на сите обиди на детето да изврши нови однесување, а не само на оние успешните.
7. Менување на барањата на дејност или рутина,или начинот на исполнување на активноста, може да им овозможиде да учествуваат. На пример: Користете фотографии за да го покажете секој чекор, наместо едноставно да давате инструкциите. Менувајте ги барањата што ги очекувате да се исполнат за да овозможите разноличност.



Кога детето не може да учествува во некоја активност, треба да бидат направени некакви промени. За да ги задоволат специфичните потреби на детето, можеби ќе треба да користат наизменични стратегии.



**ПРИМЕР ОД СТУДИЈАТА НА СЛУЧАЈ ЗА АНА**

– ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА СТРАТЕГИИ И МОЖНОСТИ ВО СЕКОЈДНЕВНИТЕ РУТИНСКИ И НАСОЧЕНИ АКТИВНОСТИ ВО ДОМОТ И ВО ГРАДИНКА, КОИ ЌЕ ПОМОГНАТ ДА СЕ ПОСТИГНАТ ПОСАКУВАНИТЕ ПРОМЕНИ/ЦЕЛИ.
– ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ИНДИКАТОРИ СО КОИ ЌЕ СЕ СЛЕДИ И МЕРИ НАПРЕДОКОТ ВО НАСОКА НА ПОСТИГНУВАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ.

| Аспекти на развој во контекст на СРУР и индикатори за мерење и следење на напредокот | Можности за рано учење и интервенции во градинка/ЦРДР | Можности рано учење и интервенции во домот и надворешната околина |
|---|---|---|
| **Јазик комуникација и развој на писменост**<br><br>Стандард: Детето може да слуша и разбира говорен јазик;<br>Стандард: Детето може да зборува и комуницира;<br><br>Стандард: Детето може да го збогати својот речник и да покаже напредок во правилниот говор.<br><br>Индикатори:<br>-Детето соодветно одговара на вербални инструкции. -Детето кажува реченица составена од 2-3 збора. -Детето прашува за значењето на одредени зборови или како се вика некој предмет. | Учење на нови зборови преку игри со картички и слики на објекти во парови. Едно дете ја покажува сликичката а Ана да го именува предметот.<br><br>Гледање во усни во близина на тој што зборува за да научи да чита од усните и како правилно се изговара зборот.(Игра -пантомима)<br><br>Групно време – раскажување преку слика за да практикува користење на зборовите во реченица.<br><br>Вежби за артикулација и дескиминација на гласови.Дување во хартиено чешалче,повторување на гласови (Цр,цр,зззз)... | Нејзините родители да ја исправуваат кога нејасно ќе изговара, за да научи да ги именува објетите правилно во нејзиниот дом.<br><br>Да ја поттикнуваат да користи неколку зборови во реченица со моделирање, помагање, кога сака да ги изрази своите желби или потреби<br><br>Заедно да ги именуваат играчките,боите на моливите и сл. за да може да чита од нивните усни и да ги изговара зборовите правилно. |
| **Емоционален развој**<br><br>Стандард: Детето може да ги препознае и соодветно да ги изразува своите емоциите;<br><br>Стандард: Детето може да ги контролира сопствените чувства.<br><br>Индикатори:<br>-Детето ги забележува и разликува причините за појава на разни емоции кај другите и кај себе -Детето почнува да ги контролира импулсите (вели дека е уморна коа се чуствува фрустрирано). | „Мојата омилена играчка" Децата ја покажуваат омиланата играчка на останатите и демонстрираат како ја користат.(Ана треба да почека да и дојде нејзиниот ред и да ги слуша и другите кога покажуваат).<br><br>Драмски куклени игри и игри со правила,музички, ритмички игри ( игри кои Ана ги сака и добро ги знае), со плескање со рацете, ритмички песни за да се зајакне интеракцијата со другите деца.<br><br>Игри во помали групи за децата подобро да ја запознаат и полесно да ја разбираат кога сака нешто да каже. | Читање на книги за време на одмор, пред спиење во кои јасно се препознаваат емоциите на ликовите во книгата преку слика или опис на однесување.<br><br>Разгледување сликовници со поставување прашања, за да се поттикне да зборува и да размислува за однесувањето или чуствата на другото дете.<br><br>Баба и да се обидува и во друга положба ( не само во количка) да ја поставува без да се плаши дека ќе ја повреди, за да ги прават заедно своите омилени активности. |

| Аспекти на развој во контекст на СРУР и индикатори за мерење и следење на напредокот | Можности за рано учење и интервенции во градинка/ЦРДР | Можности рано учење и интервенции во домот и надворешната околина |
|---|---|---|
| **Здравје и моторички развој**<br><br>Стандард: Детето може да ги користи своите сетила (вид, слух, допир, мирис, вкус) за регулирање на движењето.<br><br>Стандард: Детето се движи координирано со цел.<br><br>Индикатори:<br>- Детето имитира звуци, повторува зборови на познато лице.<br>- Детето се движи во отворен и затворен простор и совладува препреки за да истражува | Подобрување на нивните вештини за слушање. Употреба на сликовници кои и сама ќе може да ги користи,( додаток на страниците)потврди корици,сликовници со копчиња што произведуваат звуци)<br><br>Вежби за зајакнување на оралните мускули; Игри од типот: „Јас пред огледалото, „Смешни лица“ и сл. за да ја отвара, затвара устата, да до сокрива и покажува јазикот, да се насмевнува или мурти и сл).<br><br>Менување на позиија на телото во текот на денот за да се зајакнуваат мускулите.Користење на предметите од центрите за игра и активности (големи блокови, перници, душеци) за да се осигура нејзината безбедност и потребна поддршка при седење или стоење, тркалање,лазење. | Поддржување и охрабрување на обидите на Ана да учествува и соработува во облекувањето. Постепено намалување на помошта од родителите.<br><br>Почитување на потреба секој ден самостојно да си ја одбира блеката.( бидејки сака да слуша и произведува звуци, може да и се понуди и облека која произведува звук).<br><br>Обезбедување на звучни играчки во домот и поставување на места кои и се на дофат.<br><br>Поствување на подот и доближување на предметит во близина за да се поттикнува лазењето.<br>. |
| **Когнитивен развој и стекнување на општи знаења**<br><br>Стандард: Детето стекнува информации за средината преку набљудување и манипулација;<br><br>Стандард: Детето демонстрира способност да разликува различни звуци/ гласови;<br><br>Индикатори:<br>-Детето ги запознава предметите и појавите, преку употреба на сетилата<br>-Детето учествува во игра во која воочува и разликува кога некој пее, а кога зборува. | Користење на слики или предмети/ игровни реквизити додека се раскажува настан или приказна и барање од детето да одговара на прашања: ( пр:Каде е куклата?Зошто е сокриена?)<br><br>Музички активности со пеење, произведување звуци со устата или предмети, на различни начини.<br><br>Изработуваме сопствени инструменти од педагошки необликуван материјал.<br><br>Постојаност на рутините за да знае што следно ке се прави и да може подобро да се подготви. | Користење на количка или столче прилагодено на потребите на Ана, за да може да се придружи на маста во домот за време на оброците и да манипулира полесно со приборот за јадење.<br><br>Приготвување на храна која е слична со менито од градинка за да може постепено да се навикнува и самостојно да ја конзумира.<br><br>Обезбедување на поддршка кога сака да се движи или стои, за да ги зацврстува мускулите и да може да ја истражува околината. |
| **Пристап кон учењето**<br>Стандард: Детето може да научи нови работи и да стекне нови искуства;<br><br>Стандард: Детето може да преземе иницијатива.<br><br>Индикатори:<br>-Детето со внимание слуша нова приказна или бара да му се чита некоја нова книга.<br>-Детето дава идеи како сака да го помине времето. | Постојаност на рутините за да знае што следно ке се прави и да може подобро да се подготви.<br><br>Поттикнување на иницијативност и самостојнот преку прашување што сака да прави, која книга де се чита и сл.<br><br>Охрабрување во обидите самостојно да користи лажица во текот на оброците | Прошетки во паркот,на пазар, во кино, театар за деца....<br><br>Вклучување во активности во домот при подготовка за прославување,одбележување празник,патување и сл.<br><br>Родителите да ја прашуваат Ана во текот на денот што сака да прав, каде сака да оди, со кого да се види и сл. |



## 4 СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ И РЕВИДИРАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ ВО ОДНОС НА СРУР И ВО ОДНОС НА ПОСТАВЕНИТЕ СМАРТ ЦЕЛИ.



Целите на постигнувањето се движат во насока на напредок во однос на СРУР и воспоставување на **социјални интеракции, зголемено ангажирање на детето во секојдневните рутински активности, како и подобрување на независноста во задоволување на потребите во секојдневниот живот на детето,** кои придонесуваат за постигнување на утврдените СМАРТ цели во одреден временски период. Следењето на постигнувањето на целите може да се одвива во период од шест до осум недели, во зависност од комплексноста на целта. Во некои случаи каде СМАРТ целтта е покомплексна потребно е време на следење и до три месеци. Напредокот на детето во постигнувањето на овие цели треба да биде прегледан, оценет и ревидиран на редовна основа врз основа на проценката од напредокот и тоа 5 во категории[3]

1. Детето воопшто не покажува прогрес во функционирањето
2. Детето покажува мал напредок но не доволен за да се придвижи до своите врсници
3. Детето се придвижува во своето функциониорање до своите врсници
4. Детето го подобрува своето функционорање до ниво на своите врсници
5. Детето ги совладува вештините и функционора исто како и неговите врсници

За децата од кои покажуват напредок во 3, 4 и 5 категорија се зајакнуваат активностите, се менуваат статегиите и се зголемува интензитетот и честотата на активностите за подршка.
Кај децата кои не покажуваат напредок, се изработува ИВОП ( Индивидуален Воспитно-образовен план) во кој се вклучува стручен тим и други сервиси за подршка.

Што значи тоа? Откако ќе се постави СМАРТ целтта во Планот за подршка и проценка на напреддокот во раното учење и вклучување на семејството во подобрување на на функционалните способности на детето, може да се постават и конкректни чекори кои ќе доведат до остварување на поставената општа цел. Тие чекори или компоненти секогаш треба да се јасно поставени и да бидат лесно мерливи, а со самото тоа ќе се олесни реализацијата на основната цел. Бидејќи во секојдневната практика во градинките во рамките на редовната проценка на постигнувањата на децата се врши на шест месеци преку Инструментите за следење на напредокот на постигнувањата на децата во однос на СРУР, доколку воспитувачот процени дека поставената СМАРТ цел е постигната, може да постави нова цел која е поврзана со истиот аспект на развојот на детето а со цел совладување и усовршување на одредени вештини од повисок ред. Следењето на втората јасно поставена цел е тесно поврзана со претходната и дава слика за сигурно постигнување на поставената општа цел со тенденција на зона на нареден развој.
Вреднувањето на Планот за подршка и проценка на напреддокот во раното учење и вклучување на семејството во подобрување на на функционалните способности на детето се одвива во два чекори:

*Откако ќе се постави СМАРТ целтта може да се постават и конкректни чекори кои ќе доведам до остварување на поставената општа цел.*

[3]The Early Childhood Technical Assistance Center Improving Systems, Practices and Outcomes (Developing High-Quality, Functional IFSP Outcomes and IEP Goals: A Training Package)

– Проценка на степенот на реализирани цели утврдени во Планот и
– Степен на делотворност на диференцираните (прилагодени) стратегии кои се применувани во текот на воспитно-образовната работа со детето.

Резултатите од вреднувањето на Планот за подршка и проценка на напреддокот во раното учење и вклучување на семејството во подобрување на на функционалните способности на детето, воспитувачот може да ги внесе во Инструментот за мерење на постигнувањата на детето (Досие за детето) во делот на чек листата и во делот за забелешки. Вреднувањето на Планот за подршка и проценка на напреддокот во раното учење и вклучување на семејството во подобрување на на функционалните способности на детето истовремено затвора стар и отвара нов циклус (квалитативно повисоко ниво) кој што по пат на спирала се надоградува на претходните знаења во процесот на раното учење на детето. Кога вреднувањето е солидно реализирано, претставува основа за добро планирање на следниот циклус за кој ќе биде потребно да се создадат нови СМАРТ цели.

Понекогаш воспитувачите може да поставaт нереални или тешко остварливи цели според можностите на детето. Затоа поставената цел полесно се постигнува доколку постојат посебни и конкрени цели кои ќе му обезбедат на воспитувачот постојана можност за ревидирање на поставената општа цел.

Ревидирањето на општата поставена цел како и конкретните цели и чекори се врши во редовна основа на секои шест месеци кога се следи напредокот на детето во Инструментот за следење во рамките на Досието на дете за соодветната возраст. Всушност доколку со првото мерење на постигнувањата на децата воспитувачот забележи дека детето е на прво ниво на постигнувања на СРУР во еден или повеќе аспекти на развој, тогаш изготвува Планот за подршка и проценка на напреддокот во раното учење и вклучување на семејството во подобрување на на функционалните способности на детето Доколку поставените СМАРТ цели не се реализирани во следното мерење за период од шест месеци и детето повторно ќе покаже резултати кои се сеуште на прво ниво на постигнување во насока на СРУР, тогаш се подготвува терен за изработка на Индивидуален Воспитно Образовен План т.н ИВОП. Во изготвување на овој План учествуваат членови на стручните тимови на градинките кои поставуваат дополнителни цели и за чие постигање се потребни и дополнителни сервиси во рамките на градинката или надвор од неа. Овој план задожително се изготвува во соработка со родителите. Во предучилишните установи мал е бројот на децата кои имаат потреба од ИВОП.

*Кога вреднувањето е солидно реализирано, претставува основа за добро планирање на следниот циклус за кој ќе биде потребно да се создадат нови СМАРТ цели.*






# VII. ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ НА КОМУНИКАЦИЈА СО РОДИТЕЛИ НА ДЕЦА СО ПОТЕШКОТИИ ВО РАЗВОЈОТ И РАНОТО УЧЕЊЕ

Семејствата на децата кои имаат потешкотии во раното учење и развој имаат исти потреби како и семејствата на децата кои имаат типичен рзавој, но градењето на позитивни социјални интеракции со нив преставуваат предизвик за воспитувачите. Воспитувачите многу често се во позиција да бидат единствените лица кои заблежуваат дека детето има потешкотии во развојот и учењето и во тој случај имаат одговорност да разговара со родителите за тоа.

Тешко е во секоја ситуација да се знае што да се каже и како да се комуницира со овие родители. Зајакнување на комуникациските вештини со семејствата на овие деца бара време и соодветна пракса. Во подобрување на практиките потребно е да се има на ум дека овие деца, како и останатите деца доаѓаат од семејства со различни културолошки и семејни вредности, како и од различни социоекономски средини. Подолу има неколку главни насоки како да ја подобрите комуникацијата со родителите чии деца имаат потешкотии во развојот и раното учење:

- Во контактите и комуникацијата со родителите секогаш покажете го вашиот став дека тие прават најдобро за своето дете.Може да почувствувате дека некои нивни постапки не се во најдобар интерес на детето, но тешко е да ја разберете перспективата на родителите на тие деца. Затоа во комуникација со тие родители избегнувајте изјави од типот: "Знам точно како се чувствувате" или "Да е тоа мое дете и јас така ќе се чувствувам".
- Родителите ги вреднуваат своите деца како значајни членови на семјството и имаат исти аспирации за своите деца како и останатите родители. Почитувајте го нивното мислење, иако можеби не се согласувате со тоа.
- Изградете однос со кои на родителите им давате до знаење дека можат да сметаат на вас кога станува збор за интересите и потребите на детето .
- Зајакнете ја самодовербата кај родителите и дајте им до знаење дека се и тие членови на тимот ( користете зборови ние/нас наместо јас /ти).
- Инфомации кои им ги давате на родителите треба да ги содржат јаките страни на детето ( што може и што умее да направи детето ), а не слабостите ( што не може да направи).
- Внимателно слушајте ги родителите и прашувајте што тие мислат за тоа
- Покажете им на родителите дека го вреднувате нивното дете, секогаш користете го името на детето во разговорите со родителите.

Развојот на децата во првите години е многу интензивен и ако се забележи било какво отстапување не треба да се користи пристапот "да се почека и да се види".

Во такви случаи потребно е да се понуди веднаш професионална помош, бидејќи раната интеревенција може значително да го подобри кавлитетот на живитот, учењето и развојот на детето. Споделувањето на загрижеността за развојот на детето со родителите не е лесна работа, но само на тој начин воспитувачот/чката ќе биде сигурен/а дека родителите ќе бидат дел од раната интревенција. Родителите многу често се ослонуваат на професионалните совети и ги следат внимателно. Ако е воспитувачот единствен кој чувствува загриженост за развојот на детето, тоа треба да го сподели со родителот. Охрабрете ги родителите да го опсервираат детето и да приметат дали тоа што вие го забележувате, го забележуваат и тие.

Голем број на студии укажуваат дека и децата кои имаат потешкотии во развојот и раното учење подобро напредуваат доколку родителите и воспитувачите работат и ги подучуваат малите деца на ист начин.

Многу е важно родителите да изберат установи кои ги подржуваат нивните цели во подучувањето и воспитувањето на децата, но подеднакво е важно и воспитувачите јасно да им објаснат на родителите кои се целите на нивните педагошки практики и

*Во подобрување на практиките потребно е да се има на ум дека овие деца, како и останатите деца доаѓаат од семејства со различни културолошки и семејни вредности, како и од различни социоекономски средини.*

повремено да ги прилагодуваат на целите и потребите на родителите. Тие мора да работат кон остварување на заеднички цели и да применуваат слични практики во интерес на унапредување на развојот и раното учење кај децата кои имаат потешкотии во раното учење. Сето ова може да се постигне ако постои конзистентна и отворена комуникација помеѓу родителите и персоналот.
Комуникацијата помеѓу родителите персоналот не е секогаш лесна. Родителите чест пати знаат да кажат работи кои не се во согласност со намерите и целите на воспитувачот:

- Зошто овие деца постојано играат?
- Други воспитувачи ги носат децата на прошетка, а вие тоа никогаш не го правите?
- Приметив мала модринка на раката на Ивана, што правите изгледа не ги гледате децата?

Како воспитувач, вие исто така можете да постапите спротивно на очекувањата на родителите и да предизвикаат кај нив збунетост или лутина:

- Јас немам време да разговарам со вас сега, дојдете друг ден....
- Вашето дете не покажува никаков напредок, не се вклопува во активностите и ќе го префлам во помала возрасна група.

Добрата интеракција со родителите е значајна и за вас и за родителите. Ако ја воспоставите, полесно ќе разговрате со родителите за сензитивни теми, но и тие полесно ќе ги прифатат вашите совети и ќе се чувствуваат безбедно кога ви го оставаат детето.

Добрата интеракција со родителите е значајна и за вас и за родителите. Ако ја воспоставите, полесно ќе разговрате со родителите за сензитивни теми, но и тие полесно ќе ги прифатат вашите совети и ќе се чувствуваат безбедно кога ви го оставаат детето.

***Општи препораки за комуникација со родителите за сензитивни теми (кога воспитувачите иницираат средби со родителите)***

- **Договорете го состанокот со родителот пред време -** кога имате потреба да разговарате за сензитивни теми, обидете се заеднички да го дефинирате времето на состанокот. Прашајте кој тремин им одговара на родителите најмногу. Обезбедете доволно време за состанокот,за да имат родителите доволно време да зборуваат, а вие да имате доволно време да одговарате на поставените прашања.
- **Кажете му на родителот за која тема ќе разговарате –** ова дава можност родителот подготвен да дојде на состанокот и да размисли за кои прашања сака да разговара. На овој начин ќе избегнете родителите да да бидат изненадени, лути или шокирани од разговорот.
- **Најдете место кое обезбедува приватност и комфор за родителот -** обезбедете простор кој не е лесно достапен за останатиот персонал или други родители. Потрудете се сите телефони да бидат исклучени за да не го прекинувате разговорот. Понудете го родителот со вода, кафе или сок.
- **Размислете однапред што ќе кажете -** подгответе се добро за состанокот и размислете што точно ќе му кажете на родителот. Размислете кои зборови ќе ги употребите и секогаш имајте на ум какво значење тие зборови имаат за родителот.
- **Заблагодарете му се на родителот –** започнете го разговорот со тоа што ќе му се заблагодарите на родителот што одвоил време и кажете дека овој рзговор може да биде од заедничка помош и за вас, но и за детето.
- **Убедете го родителот дека овој разговор е приватен –**пред да поставите било какви персонални прашања, објаснете му на родителот зошто ги поставувате овие прашања и како тие информации ќе ги користите. Родителите се поотврени ако знаат однапред како ќе ги користите нивните информации и ќе имаат повеќе доверба во вас ако се сигурни дека тие информации не ги споделувате со останатите.
- **Охрабрете ги родителите да зборуваат отворено-**некои родители се срамежливи или потешко ги изнаоѓаат правите зборови. Вие можете да ги поткнете со поставување на отворени прашања од типот.....: Што мислите за тоа?...., Кажете ми како се чувствувате?..., Дали би сакале да ги споделите вашите чувсва со мене?...Ве молам корегирајте ме ако сметате дека не сум ве разбрала добро?....Дали сакате да зборувате за тоа? и.т.н
- **Бидете трпеливи и слушајте внимателно –**некои луѓе побрзо мислат отколку што можат да зборуват. Некои родители често пати ја прекинуваат реченицата за да најдат посоодветен збор за да бидат подобро разбрани.Слушајте ги внимателно и со големо трпение, не ги прекинувајте и покажете дека сте заинтересирано за тоа што ви го зборуваат. Гледајте во нив додека зборуваат, родителите проценуваат дали ги слушате и разбрате преку вашето однесување, говор на телото начинот на кој одговарате на нивните изјави.
- **Секогаш ислушајте во целост што родителот има да каже пред да го формирате своето мислење за она што родителот ви зборува –** размислувајте за проблемот што ви го кажува родителот, а не за тоа дали родителот е "добар" или не. Во најголем број случаи не станува збор за "точно" или "погрешно" Ова не е натпревар. Обидете се да постигнете заедничко разбирање за проблемот за да работите заеднички во интерес на детето.
- **Дадете им на родителите повратен одговор –** дајте им на знаење на родителите дека внимателно сте ги ислушале преку повторување на она што тие го кажале: Значи, она што вие го кажавте е....., Слушнав дека рековте......., На овој начин, на родителот му давате можност да се корегира ако нешто погрешно сте разбрале. Можете да користите зборови со кои го информирате родителот дека сте забележале дека е загрижен како на пр: Ми личи како да сте загрижени за тоа....? или Изгледа дека сте збунети од....
- **Бидете свесни за својот " говор на телото "-** говорот на телото е начин на кој споделувате со вашите соговорници како се чувствувате без да користите зборови ( начинот на кој седите, како ги поставувате рацете или нозете, вашиот израз на лицето ). Доколку на родителот му кажете да не се грижи, но вашиот израз на лицето е загрижен, давате порака до родителот дека нешто не е во ред.
- **Завршете го состанокот на позитивен начин и со договорен заеднички план –** кажете позитивни работи за детето и за семејството на крајот на состанокот.Зборувајте за тоа што може заеднички да направите во интерес на детето. Направете план за следните чекори. Ова е добра стратегија за градење на партнерство.

***Општи препораки за комуникација со родителите за сензитивни теми ( кога родителите иницираат средби со воспитувачите )***

Понекогаш има потреба да разговарате бидејки родителите иницираат состанок. Причините за тоа се различни -или не се задоволни како работите со детето, или пак не го разбираат начинот со кој работите со дететео, или ги работат истите работи со своето дете дома, но на различен начин. Можеби сакаат да работите на иста начин како тие ако сметаат дека е тоа подобро за нивното дете. Не секогаш, родителите покажуваат разбирање за правилата и дневниот ред во градинката. Во вакви ситуации, тие може да иницираат разговор со вас и сакаат да закажат состанок. Еве неколку препораки како да се соочите со овие предизвици:

- **"Ставете се во нивните чевли"-** обидете се да ја погледнете нивната перспектива. Слушајте ги внимателно зборовите на родитлите и обидете се да откриете како тие се чувствиваат.
- **Фокусирајте се да му помогнете на детето –**родителите се загрижени за детето и му посакуваат се најдбро. Вие сте особа која поминува подолго време со нивното дете и затоа бараат од вас да се грижите за детето на начин на кој тие може да помогнат. Понекогаш, загриженоста на родителите ви личи како да ве напаѓаат поради тоа што го правите. Тоа се случува и кога родителите погрешно ги протолкувале вашите постапки. Не се браните, не покажувајте лутина и немој да ги навредувате родителите. Објаснете ја смирено вашата постапка со која сте му помигнале на детето и внимателно слушајте го родителот. Тоа ќе помогне и двајцата подобро да се разберете.
- **Бидете отворени за сугестиите на родителите-**родителите имаат добри идеи и тие многу често се лесно применливи во подучувањето на нивнте деца.
- **Завршете го состанокот на позитивен начин-** повторете она што го кажува родителот, бидете сигурни дека добро сте ја разбрале нивната причината за зариженост. Дополнително прашајте го родителот за да го разберете проблемот од негова перспектива. Заеднички договорете се кои идеи се најдобри за инетерсите на детето. Дајте временска рамка за повторна средба.
- **Заблагодарете се на родителот за споделивање на неговата загриженост –** после состанокот може да разговарате со стручниот тим или со дел од стручниот тим ако имате потреба од дополнителна подршка. Пресипитајте ги вашите постапки како да бидете поуспешна/ен во својата пракса.

Не секогаш родителите покажуваат разбирање за правилата и дневниот ред во градинката. Во вакви ситуации, тие може да иницираат разговор со вас и сакаат да закажат состанок.

***Разговор со родителите за потешкотии во развојт и раното учење***
Како воспитувач, често пати сте во состојба да бидете први кои ќе забележите дека детето има потешкотии во учењето или во развојот. Ако забележите или се посомневате во одредени потешкотиите, многу е важно да разговарате за тоа со родителите. Ова може да биде непријатно, родителите понекогаш одбиваат да ги прифатат лошите вести.

Пред да зборувате со родителот средете ги мислите и потоа закажете состанок

- **Документирајте го однесувањето на детето** – забажежете ги сите детали кои ги приметувате кај детето како проблем. Забележете ги датите и местото на настанот. На овој начит му покажувате на родителот дека имате искрен и прецизен пристап во споделување на информациите.
- **Поканете ги и двата родитела** (ако детето живее со двата родитела) – разговарајте со двата родитела и избегнете пренесување на различно разбрани информации од еден на друг родител.
- **“Ставете се во нивните чевли“**- размислете што е најдобро за нив и обидете се да размислите како би се чувствувале вие ако ви кажат дека вашето дете има потешкотии во развојот и раното учење. Ова ќе ви помогне да ги разберете реакциите и емоциите на родителите.
- **Проценете колку се родителите подготвени да ги слушнат новите информации** –со некои родители е полесно да се зборува.Проценете колку е лесно да ја им ја соопштите информацијата. Некои од нив нема да бидат многу изненадени, но некои родители имаат потреба од дополнително време да се прилагодат на новата информација.
- **Бидете искрени, но не и нељубезни** – дадете им на родителите точни информации, но користете прикладни зборови како на пр: вашето дете можеби има некои проблем со....Немојте да кажете:Вашето дете нема никогаш да..... Ако користите зборови кои ги плашат или загрижуваат родителите тие стануваат анскиозни и губат доверба во тоа што им го зборувате.
- **Употребувајте едноставни зборови** –родителите може да се чувствиваат непријатно или не можат да ве разберат .
- **Бидете смирени, но покажете загриженост** – кога родителите гледаат дека вие сте смирени, тие исто така ќе се обидат да останат смирени. Ако сте премногу загрижени и под стрес, родителите вашата реакција може да ја протолкуват дека нешто страшно се случило. Никој не може да зборува и размислува правилно кога е вознемирен и уплашен. Но, ако сте премногу опуштени, родителите може да помислат дека вас не ви е воопшто грижа за детето. Покажете загриженост, но обидете се да се контролирате за да ги подржите родителите и да не ги вознемирите дополнително.
- **Зборувајте во позитивна конотација** – охрабрете ги родителите да побараат дополнителна стручна помош со резерва дека можеби и не сте сигурни во вашата проценка.Зборувајте за сите можности кои ги има семејството, и не се фокусирајте на негативните состојби. Зборувајте со родителите што се може детето друго да прави иако има работи кои не може да ги направи.
- **Очекувајте различни реакции од родителите** –секој родител различно реагира. Некои може да се налутат, некои одбиваат да прифатат или дури одбиваат и да разговараат за тоа. Други родители ќе почнат да плачат и да зборуваат само за негативните страни, а некои ќе покажат загриженост одреден период,но во исто време и задоволство што имале можност да поразговараат и да сподеалт некои работи со вас. Тоа се се природни реакции. Не е лесно да се слушне од друг дека детето има проблем. Сите родители сакаат децата да им бидат совршени. Немојте да аргументирате со родители кои ќе ви кажат дека не сте во право, само охрабрете ги да се обратат до други професионалци за понатамошна проценка.
- **Слушајте ги родителите** – тие најдобро ги познаваат своите деца. Тие ќе ви кажат што знаат и што забележуваат кај своите деца. Слушајте ги внимателно. Можеби сте направиле вие грешка во проценката. Подобро е да бидете искрени со родителите, отколку да избегнувате разговор со нив.



Ако забележите или се посомневате во одредени потешкотиите, многу е важно да разговарате за тоа со родителите.



## АНЕКС 1

**Прашања со кои можете да ги откриете интересите, загриженоста и приоритетите на семејството во секојдневните и рутински активности во домот [4]**

Најдобар начин за прибирање информациите од семејството во врска со нивните интереси, приоритети, потреби и загриженост за тоа како се одвиваат секојдневните рутински активности е преку директна комуникација со членовите на семејството. Формалните пополнувања на однапред изготвени формулари е помалку ефикасен начин за добивање на релевантни информации.
Прибирањето на овие информации е од клучно значење со цел да се развијат СМАРТ цели и за смејството и за детето, да се дефинираат соответни стратегии кои ги зајакнуваат капацитетите и јаките страни на семесјтвото и детето.
Следните прашања се форма на прашања кои може да се користат за да ги потикнете одговорите на родителите:

1. Дали може да ми кажете нешто за тоа како се одвива еден вообичаен ден со Тони ?
2. Што се случува најчесто во утринските часови,........... попладне,......преку ноќите,....за време на викендите
3. Каде најчесто го поминивате времето кога сте заедно со Тони ?
4. Кои се активностите кои најмногу сакате да ги правите заедно ( одење во парк, играње со коцки, разгледување на сликовници...?
5. Кои активности најчесто ги правите заедно ( пр.одење во продавница,бањање, возење точак... ) ?
6. Кои активности морате заедно да ги завршувате ?( миење на заби, легнување во кревет, облекување...)
7. За што посебно се интересира Тони?
8. Во што ужива Тони, и што најдолго му го задржува вниманието? ( пр. кога игра со коцки, кога е надвор и трча, кога си игра со децата од соседството...)
9. Што го прави Тони среќен, на што најмногу се смее и што најмногу го засмејува
10. Кои рутински активности Тони не ги сака ? Што е тоа што му е тешко на Тони во текот на овие активности ?
11. Што вообичаено Тони прави во текот на рутинските активности?
12. Кои се другите личности од вашата околина со кои Тони поминува подолго време и каде тоа се случува ( дома, на гости, надвор...)
13. Дали постојат некои активности кои вие сте ги правеле пред да се роди Тони?
14. Дали би сакале некои нови активности да пробате заедно со Тони?

Фокусот на интервенцијата и стратегиите се менуваат од вас како практичар кој има торба полна со решенија за поттикнување на развојот и раното учење со стратегии и интервенции кои се фокусираат на зајакнување на семејствата во потикнување на раното учење и развој кај нивното дете преку нивно учество во активности кои им се потребни и сакат да ги прават со своите деца. Стратегиите треба да се базираат на јаките страни и интереси и на детето и на семејството. Соработката и средбите со родителите треба да вклучат можности за да се оцени што е тоа што добро се одвива и функционира и каде е потребна дополнителна подршка и измена.
Следните прашања се видови на прашања кои можете да ги поставувате за да ги поттикнете одговорите кај родителите во период кога се спроведува Планот за подршка:

- ☐ Како се одвиваат работите од последниот наш разговор?
- ☐ Дали има нешто ново што сакате да ме прашате?
- ☐ Има ли дел од денот кога особено тешко ви оди?
- ☐ Со што сакате да ви се помогне?
- ☐ Што научивте во текот на правењето обиди со Тони?

Кога родителите/семејствата ќе идентификуваат специфични предизвици следните прашања може да се користат за да се олесни проблемот со кој се соочуваат:

- ☐ Што се обидовте да направите?
- ☐ Што во одеше лесно порано, а што не ви оди сега?
- ☐ Кога го приметивте ова однесување кај Тони?
- ☐ Кој е вклучен во тоа?
- ☐ Што се случи потоа....?
- ☐ Што мислите со тоа што го кажавте...?
- ☐ Што сакате да се случи во иднина ?
- ☐ Се сеќавам кога направивте.......за...., дали мислите дека нешто слично ќе помогне за....?

Следните прашање може да ја продлабочат дискусијата и да добиете повеќе информации:

- ☐ Кажете ми.....
- ☐ Кажете ми повеќе за....

[4]Robin McWilliams, Juliann Woods, Barbara Hanft, M'Lisa Shelden and Dathan Rush by NECTAC, 2005, 2012 / ECTA Center, 2014

## АНЕКС 2

### ФОРМУЛАР ЗА ФУНКЦИОНАЛНА ПРОЦЕНКА ПО МКФ-ДМ

| **Ментални функции** | ДА | Квалификатор 1-3 |
|---|---|---|
| b 110 Дали детето покажува проблеми во свесноста и будност | | |
| b 117 Дали детето има проблем со изведување на активности кои бараат размислување | | |
| b 134 Дали детето има проблем со заспивање и спиење | | |
| b 140 Дали детето има проблем да го задржи вниманието на нешто или некого | | |
| b 144 Дали детето има проблем да се присети на нешто или некого | | |
| b 147 Дали детето има проблем со кординација на телото и движењето | | |
| b 156 Дали детето има проблем со распознавање на звуци, форми, мирис | | |
| **Сетилни функции и болка** | | |
| b 210 Дали детето има проблем со гледање на предметите и лицата околу него | | |
| b 230 Дали детето има проблем со слушање на звуци | | |
| b 280 Дали детето чувствува болка многу појако од останатите деца од негова возрсат | | |
| **Функција на глас и говор** | | |
| b 310-b 399 Дали детето има било каков проблем во продуцирање на гласови и зборување | | |
| **Функции на кардиоваскулаторен, хематолошки, имунолошки и респираторен систем** | | |
| b 410 Дали детето има проблем со функцијата на срцето | | |
| b 435 Дали детето има алергија и е преосетливо на одредена храна, растение или животно | | |
| b 440 Дали детето има проблем со дишењето | | |
| **Функции на дигестивниот, метаболниот и ендокриниот систем** | | |
| b 510 Дали детето има проблем со јадење | | |
| b 515 Дали детето има проблем со варење на храната | | |
| b 525 Дали детето има проблем со празнење на цревата | | |
| b 540 Дали детето има проблем земање на адекватна количина на храна | | |
| **Генито-уринарени и репродуктивни функции** | | |
| b 620 Дали детето има проблеми со уринирање | | |
| **Неуро-скелетни и функции поврзани со движењето** | | |
| b 710 Дали детето има проблеми со движење на зглобовите на рацете, лактивите, рамењата или колената | | |
| b 730 Дали детето има проблем со мускулите на телото, рацете и нозете | | |
| b 735 Дали детето има проблем со тонусот на телото, рацете и нозете | | |
| b 755 дали детето има проблем со одржување на рамнотежа и контрола на телото | | |
| b 760 Дали детето има проблем со контрола на движењето на рацете и нозете | | |
| b 765 Дали детето има тикови, тремор или други неволњи и невообичаени движења на телото и екстремитетите | | |
| **Функции на кожата и сродни структури** | | |
| b 840 Дали детето има некои проблеми со сензации или иритиација на кожата | | |



| **Структура на телото** | 1 фаза | 2 фаза | | |
|---|---|---|---|---|
| | ДА | Опсег | Промена | Локација |
| **Структура на нервниот систем** | | | | |
| s 110 Дали има некој проблем со главата, черепот, мозокот | | | | |
| s 110 дали има некој проблем со рбетот или нервите | | | | |
| **Око, уво и сродни структури** | | | | |
| s 210-299 Дали детето има било какви пробелеми со очите или ушите | | | | |
| **Структури вклучени во гласот и говорот** | | | | |
| s 310-399 Дали детето има проблем со носот, устата, грлото или забите | | | | |
| **Структури на кардиоваскуларниот, имунолошкиот и респираторниот систем** | | | | |
| s 410 Дали детето има некој проблем со срцето или крвните садови | | | | |
| s 430 Дали детето има некој проблем со белите дробови или градите | | | | |
| **Структури поврзани со дигестивниот, метаболниот и ендокриниот сиситем** | | | | |
| s 510-599 Дали детето има проблем со стомакот, цревата или жлездите | | | | |
| **Структури поврзани со генито-уринарен и репродуктивен сисием** | | | | |
| s 610-699 Дали детето има проблем со бубрезите, бешиката | | | | |
| **Структури поврзани со движењето** | | | | |
| s710 Дали детето има проблем со главата или вратот | | | | |
| s730 Дали детето има проблем со рацете и шаките | | | | |
| s750 Дали детето има проблем со нозете и стопалата | | | | |
| **Кожа и сродни структури** | | | | |
| S810-899 Дали детето има било какви проблеми со кожата, косата и ноктите | | | | |

| **Активности и партиципација** | ДА | Квалификатор | |
|---|---|---|---|
| | | Начин | Капацитет |
| **Учење и примана на знаење** | | | |
| d120 Дали детето има проблем со осетот на допир, вкус | | | |
| d131 Дали детето има проблем со играње со разни предмети | | | |
| d133 Дали детето има проблем со користење на зборови, фрази и реченици | | | |
| d137 Дали детето има проблем со концептите како што се количина, должина, исто, различно | | | |
| d140 Дали детето има проблем со препознавање на печатени симболи | | | |
| d145 Дали детето има проблем со цртање на форми и шаблони | | | |

| **Активности и партиципација** | ДА | Квалификатор | |
|---|---|---|---|
| | | Начин | Капацитет |
| **Учење и примана на знаење** | | | |
| d161 Дали детето има проблем со насочување на вниманието | | | |
| d175 Дали детето има проблем со решавање на едноставни проблемски ситуации | | | |
| **Општи задачи и барања** | | | |
| d210 дали детето има проблеми во изведување на едноставни задачи или во одговарање на едноставни наредби | | | |
| d220Дали детето има проблем во изведување на сложени задачи и одговарање на сложени наредби | | | |
| d230 Дали детето има проблем во справување со дневните рутински активности | | | |
| d250 Дали детето има проблем во контрола на своето однесување | | | |
| **Комуникација** | | | |
| d310 Дали детето има проблем при разбирањето што другите говорат | | | |
| d315 Дали детето има потешкотии при разбирање на значењето на гримаси и разни слики | | | |
| d330 Дали детето има потешкотии со зборувањето | | | |
| d331Дали детето има потешкотии во изговарање на одредени говорни гласови | | | |
| d335 Дали детето има потешкотии комуниклацијата преку користењето на разни гримаси, слики, цртежи | | | |
| **Мобилност** | | | |
| d410 Дали детето има потешкотии при седнување и станување | | | |
| d415 Дали детето има потешкотии поради неконтролирани движењана рацете и нозете | | | |
| d440 Дали детето има потешкотии при користење на шаката, прстите и палецот | | | |
| d445Дали детето има потешкотии при користење на рацете и дланките | | | |
| d 450 Дали детето има потешкотии при одење | | | |
| **Самогрижа** | | | |
| d510 Дали детето има потешкотии при миење на раце | | | |
| d530 Дали детето има потешкотии при користење на тоалет | | | |
| d540 Дали детето има потешкотии при самостојно облекување | | | |
| d550 Дали детето има потешкотии при самостојно јадење | | | |
| d565 Дали детето има потешкотии при избегнување на опасни ситуации и грижа за својата безбедност | | | |
| **Домашен живот / живот во колектив** | | | |
| d 669 Дали детето има потешкотии да учествува во секојдневните рутински активности дома или во градинката | | | |
| **Меѓучовечки односи** | | | |
| d710 Дали детето има потешкотии во интеракција со врсници и возрсани | | | |



| **Важни области од животот** | | | |
|---|---|---|---|
| d815 Дали детето има потешкотии во учество во претшколски активности | | | |
| d816 дали детето има потешкотии во игрите со другите деца | | | |
| **Зедница, друштвен и граѓански живот** | | | |
| d910 Дали детето има потешкотии во вклучувањето на активности во градинката и активности кои се спроведуваат во заедницата ( посети, натпревари, приредби) | | | |

| **Кратка листа на фактори на околина** | Квалификатор | |
|---|---|---|
| | Б | О |
| **Производи и технологија** | | |
| е110 Дали има детето потребна храна /лекови | | |
| е115 Дали за детето се достапни средства за лична употреба | | |
| е120 Дали постојат средства за транспорт на детето | | |
| е130 Дали има доволно материјали за игра и рано учење | | |
| е150 Дали зградата има обезбеден пристап за детето /рампа | | |
| **Природна околина и промени во околината направени од човекот** | | |
| е215 Дали карактеристиките на популацијата се проблем за детето | | |
| е225 Дали климата е проблем за детето | | |
| **Подршка и врски** | | |
| е310 Дали детето има подршка во семејството | | |
| е325 Дали детето има подршка од врсниците | | |
| е340 Дали детето има подршка од персоналот во градинката | | |
| **Ставови** | | |
| е410 дали има позитивни ставови за детето од страна на семејството | | |
| е425 дали има позитивни ставови за детето од страна на врсниците | | |
| е430 дали има позитивни ставови за детето од страна на раководниот и стручниот тим | | |
| е440 дали има позитивни ставови за детето од страна на воспитно-згрижувачкиот персонал | | |

## АНЕКС 3

**ПЛАН ЗА ПОДДРШКА И ПРОЦЕНКА НА НАПРЕДОКОТ ВО РАНОТО УЧЕЊЕ И ВКЛУЧУВАЊЕ НА СЕМЕЈСТВОТО ВО ПОДОБРУВАЊЕ НА ФУНКЦИОНАЛНИТЕ СПОСОБНОСТИ КАЈ ДЕТЕТО**

### ИНФОРМАЦИИ ЗА ДЕТЕТО

| | |
|---|---|
| Име и презиме на детето | |
| Пол | |
| Дата на раѓање | |
| ДГ/ЦРДР | |
| Број на детето од главна книга | |
| Група | |
| Име и презиме на родител/старател | |
| Адреса | |
| Телефонски број | |
| Име и презиме на воспитувач | |
| Воспитно-згрижувачка година | |

### ПЕДАГОШКИ ПРОФИЛ НА ДЕТЕТО

| | |
|---|---|
| **Опис на моменталната состојба на детето**<br>*(се забележува се она што претставува потешкотија во раното учење и развој на детето)* | |
| **Функционална опсервација на детето**<br>*(се врши по неколку опсервации од страна на воспитувачот)* | |
| **Информации од родителите**<br>*(се пишуваат забелешки и информации по разговорите со родителите за развојот на детето)* | |



### SWOT - АНАЛИЗА (функционален профил на детето базиран на МКФ-ДМ)

| СИЛНИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| | |
| МОЖНОСТИ | ЗАКАНИ |
| | |

**Поставување на СМАРТ цели за подобрување на социјални интеракции, зголемено ангажирање во секојдневните рутински активности, како и подобрување на независноста во задоволување на потребите во секојдневниот живот на детето:**

| **1. Извештај за тековно постигнување по аспекти на развој (се врши по првото мерење во Инструментите за следење на напредокот – Досие за дете)** | |
|---|---|
| Социоемоционален развој | |
| Здравје и моторички развој | |
| Јазик, комуникација, развој на писменост | |
| Когнитивен развој | |
| Пристап кон учење | |

| **2. Дефинирање на СМАРТ цели за подобрување на функционалните способности на детето** | |
|---|---|
| 1. | |
| 2. | |
| 3. | |

| **3. Утврдување на стратегии (активности) за подобрување на социјални интеракции, зголемено ангажирање во секојдневните рутински активности, како и подобрување на независноста во задоволување на потребите во секојдневниот живот на детето.** | |
|---|---|
| Аспекти на развој во контекст на СРУР | |
| Можности и активности за рано учење и интервенции во градинка/ЦРДР | |
| Можности и активности за рано учење и интервенции во домот и надворешната околина | |
| Стратегии на подучување (вклучувајќи ги и диференцираните) | |
| Материјали / Ресурси | |
| Родители | |

| **4. Проценка и следење на напредокот** | | |
|---|---|---|
| **Дата на следење** | **Аспекти на развојот** | **Резултати/Индикатори за мерење и следење на напредокот на детето** |
| | | |
| | | |
| | | |
| **Степен на реализирани цели** | | |

**Вреднување на напредокот во однос на функционалните способности (социјални интеракции, ангажирање во секојдневните рутински активности, независност во задоволување на потребите) на детето**

| | |
|---|---|
| **1.** | Детето воопшто не покажува прогрес во функционирањето |
| **2.** | Детето покажува мал напредок но не доволен за да се придвижи до своите врсници |
| **3.** | Детето се придвижува во своето функционирање до своите врсници |
| **4.** | Детето го подобрува своето функционирање до ниво на своите врсници |
| **5.** | Детето ги совладува вештините и функционира исто како и неговите врсници |

| Забелешка на воспитувачот: |
|---|
| |



# VIII. БИБЛИОГРАФИЈА


1. Ai-Wen Hwang,& co: Applying the ICF-*CY framework to examine biological and* environmental factors in early childhood development, Journal of the Formosan Medical Association (2014) 113, 303-312

2. *Agreed upon practices for providing early intervention services in natural environments:* Workgroup on Principles and Practices in Natural Environments,2008, 1 - 6

3. Allen, K. E., & Cowdery, G. E. (2004). *The exceptional child: Inclusion in early childhood.* Albany, NY: Delmar

4. Baltimore, MD: Paul H. Brookes Publishing Co., Inc. www.brookespublishing.com

5. In-depth discussion to guide the transition from a dual system (early childhood programs & special education services) to a single system of early childhood programs for all children

6. Bailey, D., & McWilliam, R. (1990). *Factors influencing child engagement in mainstream settings.* Washington, DC: Special Education Programs.

7. Blue-Banning, M., J.A. Summers, H.C. Frankland, L.L. Nelson, & G. Beegle.2004. Dimensions of family and professional partnerships: Constructiveguidelines for collaboration. *Exceptional Children* 70(2): 167–84.

8. Communicating With Families:Strategies for Children With Special Needs Adapted from *Reaching All Families: Creating Family-Friendly Schools* – August, 1996. Available at http://www.ed.gov/pubs/ReachFam/index.html.

9. Early Child Development:A Conceptual Model*Vijaya Krishnan, Ph.D.Early Child development Mapping Project (ECMap), Community-University Partnership CUP), Faculty of Extension, University of Alberta, Edmonton, Alberta, CANADA, 9-17

10. *Early Child Development and Care, 177*(2), 107–120

11. Dunst, C. J., & Bruder, M. B. (1999). Family and community activity settings, natural learning environments, and children's learning opportunities. Children's Learning Opportunities Report, 1(2).

12. Dunst, C. J., Bruder, M. B., Trivette, C. M., Hamby, D., Raab, M., & McLean, M. (2001). Characteristics and consequences of everyday natural learning opportunities. Topics in Early Childhood Special Education, 21(2), 68-92.

13. Dunst, C. J., Bruder, M. B., Trivette, C. M., Raab, M., & McLean, M. (2001). Natural learning opportunities forinfants, toddlers, and preschoolers. *Young Exceptional Children*, 4(3), 18-25. (Erratum in Young Exceptional Children, 4(4), 25)

14. Dunst, C. J., Hamby, D., Trivette, C. M., Raab, M., & Bruder, M. B. (2002). Young children's participation in everyday family and community activity. Psychological Reports, 91, 875-897.

15. Dunst, C. J., Herter, S., & Shields, H. (2000). Interest-based natural learning opportunities. Young Exceptional Children Monograph Series No. 2: Natural Environments and Inclusion, 37-48.

16. Dunst, C. J., Bruder, M. B., Trivette, C. M., Raab, M., & McLean, M. (2001). Natural learning opportunities for infants, toddlers, and preschoolers. *Young Exceptional Children*, 4(3), 18-25. (Erratum in Young Exceptional Children, 4(4), 25)

17. Edmiaston, Rebecca K. and Fitzgerald, Linda May, "How Reggio Emilia Encourages Inclusion,", Educational Leadership, September 2000, pp 65 – 68.

18. Filler, J., & Xu, Y. (2006). Including children with disabilities in early childhood education programs: Individualizing developmentally appropriate practices. *Childhood Education, 83*(2), 92–99.

19. Guralnick, M.J., *An Agenda for Change in Early Childhood Inclusion*, Journal of Early Intervention, Vol. 23, No. 4,pp. 213-222.

20. Graham-Clay, S. (2005). Communicating with Parents: Strategies for Teachers. *The School Community Journal*, 117-130. Retrieved from: http://www.adi.org/journal/ss05/Graham-Clay.pdf

21. Hanft, B. (April, 2010). Enhancing Services in Natural Environments [webinar]. Retrieved from http://www.ectacenter.org/~pdfs/calls/2004/partcsettings/hanft.pdf

22. Jennifer Lynne, Koenig Longwell B.S.(2009), *Effects of three early literacy interventions in the preschool classroom: Comparing phonologikal awareness training,dialogic reading and a combination condition in small groups;* Louisiana State University, 7 – 64

23. McWilliam, R.A. (April, 2010). Enhancing Services in Natural Environments [webinar]. Retrieved from june 2014 http://www.ectacenter.org/~pdfs/calls/2004/partcsettings/mcwilliam.pdf

24. McWilliam, R.A. (n.d.) Engagement. *Siskin Children's Institute*. Retrieved August 2014 from http://www.siskin.org/www/docs/112.181

25. Mahoney, G. (2008). The critical role of practice in the early childhood curriculum. Presentation at South Carolina Early Intervention Conference for Families and Providers

26. Macy, M., & Bricker, D. (2007). Embedding individualized social goals into

27. routine activities in inclusive early childhood classrooms.

28. Navleen Kaur (1993)Curricular Adaptations: *Accommodating the Instructional Needs of Diverse Learners* in the Context of General Education. (1993). Kansas State Board of Education. 26-29

29. Noonan, M. J., & McCormick, L. (2000). Practices of co-teaching in inclusive

30. Preschool classroom. *NHSA Dialog, 3,* 258–273.

31. Shelden, M. L., & Rush, D. D. (2001). The ten myths about providing early intervention services in natural environments. Infants & Young Children, 14(1), 1-13.

32. Raab, M. (2005). Interest-based child participation in everyday learning activities. CASEinPoint, 1(2). Retrieved from http://www.fippcase.org/index.php

33. Sandall, S. & Ostrosky, M., Editors. *Natural Environments and Inclusion*. NAEYC

34. Sandall, S. & Ostrosky, M., Editors. *Practical Ideas for Addressing Challenging Behaviors*. NAEYC

35. Sawyers, Janet K. & Rogers, Cosby S. (1988). *Helping Young Children Develop Through Play, APractical Guide for Parents, Caregivers and Teachers*. NAEYC.

36. Salend, S.J. 2006. Explaining your inclusion program to families. *Teaching Exceptional Children* 38 (4): 6–11.

37. Shelden, M. L., & Rush, D. D. (2001). The ten myths about providing early intervention services in natural environments. Infants & Young Children, 14(1), 1-13

38. *Teaching Strategies: What to Do to Support Young Children's Development*. NAEYC

39. World Health Organization, International classification of functioning, disability and health: children & youth version:ICF-CY, Geneva 2007

40. UNICEF/WHO A DISSCISSION PAPER:Early Childhood Development and Disability, Geneva, 2012

41. Ulrich, M.E., & A.M. Bauer. 2003. Levels of awareness: A closer look at communication between parents and professionals. *Teaching Exceptional Children* 35 (6): 20–24


**(Footnotes)**

1. [1]UNICEF/WHO A DISSCISSION PAPER: Early Childhood Development and Disability, Geneva, 2012
2. [2]Robin McWilliams, Juliann Woods, Barbara Hanft, M'Lisa Shelden and Dathan Rush by NECTAC, 2005, 2012 / ECTA Center, 2014